| **5** | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Кај планер за корекции по мислење на Комисија за урбанизам** | |

**Број 08-12881/60** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/174** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/61**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2023 ГОДИНА ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

Одделението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија, ја следи наплатата на даноците и врши постапка на присилна наплата на даночниот долг.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година во работа се **792** предмети од **данок на наследство и подарок** од кои:

- 770 предмети се по даночни пријави од 2023 година.
- 22 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2023 година - **770**:

- 22 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 5 предмети се повлечени ( донесени се решенија за запирање на постапката)
- 3 предмети се некомплетни.
- За 740 изготвени се решенија од кои:
- 603 решенија се со даночно ослободување.
- 137 решенија се со даночно задолжување.

Даночното задолжување по основа на решенија за данок на наследство и подарок по предмети поднесени во 2023 година изнесува **5.667.499,00** денари од кои заклучно со 30.06.2023 година:

- наплатени се 4.475.737,00 денари.
- ненаплатени се 1.191.762,00 денари.

Во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година по основа на данок на наследство и подарок остварени се приходи во износ од **6.752.272,00** денари од кои:

- 4.475.737,00 денари се по задолжување од предмети од 2023 година.
- 2.276.535,00 денари се по задолжување од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници поднесена е 1 тужба против решение, за која е поведен управен спор, во кој тужбата е одбиена.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година во работа се **652** предмети од **данок на промет на недвижности** од кои:

- 627 предмети се по даночни пријави од 2023 година.
- 25 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2023 година - **627:**

- 16 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 4 предмети се повлечени ( донесени се решенија за запирање на постапката) .
- 5 предмети се некомплетни.

За 602 изготвени се решенија од кои:

- 568 решенија се со даночно задолжување.
- 34 решенија се со даночно ослободување.

Вкупното даночно задолжување по основа на решенија за данок на промет на недвижности по предмети поднесени во 2023 година изнесува **44.758.856,00** денари од кои заклучно со 30.06.2023 година :

- наплатени се 41.338.516,00 денари
- ненаплатени се 3.420.340,00 денари.

Во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година по основа на данок на промет на недвижности остварени се приходи во износ од **48.040.348,00** денари од кои:

- 41.338.516,00 денари се по задолжувања од предмети од 2023 година.
- 6.701.832,00 денари се по задолжувања од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници не се поведени управни спорови на решенија пред Управниот суд.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година обработени се 1**.929** даночни пријави, **1.256** даночни одјави и **1.623** пријави за промени на данок на имот. Од нив 73 даночни пријави се поднесени од самите даночни обврзници, а 1.856 се по службена должност.

За 2023 година изготвени се **33.569** решенија за данок на имот од редовен облог и тоа: 32.915 решенија од данок на имот на физички лица и 654 решенија од данок на имот на правни лица.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2023 година изнесува **190.606.189,00** денари од кои 157.154.628,00 денари изнесува облогот за физичките лица и 33.451.561,00 денар изнесува облогот за правните лица.

Доставата на решенијата за данок на имот за 2023 година е во тек.

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година остварени се приходи по основа на данок на имот во износ од **78.102.546,00** денари од кои 63.965.734,00 денари данок на имот од физички лица и 14.136.812,00 денари данок на имот од правни лица.

Во периодот 01.01.2023 до 30.06.2023 година изготвени се 280 решенија за данок на имот по припис со задолжување во износ од 2.423.626,00 денари.

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година извршено е вреднување и ревреднување на 481 индивидуална станбена зграда (куќа), 449 станови, 173 гаражи, 75 деловни простори, 126 помошни објекти, 2 хотели, 23 деловни згради и простори, 9 административни згради и простори, 27 апартмани и 3 ресторани. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се 1430 извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 490 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

Од страна на даночните обврзници поведени се 19 управни спорови со тужба на решенија за данок на имот за 2023 година пред Управниот суд.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година изготвени се 65 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот во постапка на присилна наплата , 2 опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок и 134 решенија за присилна наплата.

Во истиот период изготвени се и 3 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата, 40 решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства и 6 решенија за поврат на паричен износ.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 книжен е 121 извод со 21.257 ставки, 171 задолжение по решенија за данок на промет на недвижности изготвени во *word*, 279 railway приписи за данок на имот и 40 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување на парични средства.

**ПОДНЕСОЦИ**

За периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година поднесени се **554** барања, и тоа: 12 барања од министерства, институции и органи за утврдување на пазарна вредност на недвижноста, 2 барања за одлуки на Совет за определување зони за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, 16 барања од страна на извршителите за пријавување на побарување по основа на даноците на имот, 53 барања од Управен и Виш суд за доставување списи, 4 барања од други сектори и одделенија, 12 барања за изготвување потврди по разни основи, 420 барања врз основа на данокот на имот (преиспитување на даночна основица), 15 барања за пренасочување, 2 барања за поврат на парични сретства, 8 барања за запирање на постапката и 10 барања по други основи.

Од нив обработени се 541 и на истите е одговорено.

**Број 08-12881/62** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/175**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/63**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**

За работењето на ***Одделението за комунални такси*** за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година.

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма (назив), изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма (назив), како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со законот за Комунални такси.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За 2023 година заклучно со 27.01.2023 год изготвени и генерирани се **3322 решенија** за комунална такса за фирма (за правни лица -комунална такса за фирма – назив 3006 решенија и комунална такса за фирма на трговци поединци – 316 решенија). Решенијата и оваа година се доставуваа по електронски пат. Покрај електронската достава од минатата година се воведе и можност за елекронско наплаќање на истите.

Во текот на месец март и април се доставија сите решенија, периодот за наплата оваа година беше пролонгиран. Се воведе и модулот за електронска достава на опомените за заостанати долгови на обврзниците по однос на комунална такса за фирма – изготвени и доставени се вкупно 1863 опомени за заостанат долг од 2020-2021 год. Треба да се земе во прдвид дека овој период од 2020 до 2021 год. беше еден од потешките периоди воопшто за бизнис секторот како во светски размери така и во Општина Охрид – бизнисот се соочи со пандемија, принудно затворање на бизнисите, полициски часови и сл. Со оглед на овие последици присилната наплата ја одложивме за оваа година. Заклучно со 30.06.2023 год направени се 297 решенија за прсилна наплата на заостанати долгови од 2020/2021 година. Во текот на наредниот квартал ќе се изработуваат опомените и решенијата за присилна наплата на комуналната такса за фирма – фирмарина за 2022/2023 год.

Одделението за комунални такси се соочува со проблеми во врска со доставата на решенијата поради големиот број регистрирани фирми кои не работат повеќе од 5-6 години и подолго, се прават чести промени на името на фирмата, седиштето на фирмата исл. овие промени обврзниције не ги пријауваат на време во одделението. Со електронската достава имам некој степен на подобрување на доставата тоа се гледа и по подобрената наплата, но сепак треба сеуште да се работи на подобрување на доставата на решенијата за фирмарина. За Регистарот на фирми треба да се донесе соодветна законска регулатаива како да се прочисти, бидејќи моментално облогот е многу поголем од што реално е и реално може да се наплати, поради фирмите во миуривање (т.е. со стаус - неактивни). На фирмите во мирување нема законска можност да не им се пресметува фирмарина, а нема ни начин како да им се наплати долгот бидејќи најчесто имаат не-функционални (затворени) трансакциски сметки. Ова е долго-годишен проблем на централно ниво на одделенијата за комунални такси.

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **6.115.220,00** денари.

Како за втора година од воведување на електронска достава и наплата на фирмарината, земајќи ги во предвид и другите потешкотии од непрочистен регистар и сл . наплатата во споредба со претходната година во истиот квартал е подобра за околу 50 % или 2.500.000 ден. притоа неземајќи ги во предвид режиските трошоци за тонери, хартија, поштарина со препорачана пошта и сл.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2023 год до 30.06.2023 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, изработени се **71** задолженија пред деловни простории и **задолженија** за пред хотели. Остварен е приход во вкупен износ од **4.477.746,00** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални такси, обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ), со цел изложување предмети, изложби и забавни приредби**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **4** задолженија за сувенири, **3** задолженија за презентации на плоштади и **21** задолженија за куќарки и сувенир чиј закуп го дава ЈП Градски пазар. Остварен е приход во износ од **50.644,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година, остварени се приходи во износ од **3.033.504,00 денари.**

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година изготвени се **90 решенија**.

Остварен е приход од **94.050** ден.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година, остварени се приходи во износ од **46.329.552.00 ден.**

**Број 08-12881/64**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/176**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА**
**Заштита на животната средина и природата за 2023 година**
**за период од 01.04.2023год до 30.06.2023год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за

унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2023 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2023 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2023год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 550.000, 00ден | Проектот е реализиран, спроведена е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач **Завршен проект** |
| 2. | **План за управување со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во категорија IV– парк на природата** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000,00 ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период, по донесување на Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата |
| 3. | **Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 240.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач, изготвен е Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел **Завршен проект** |
| 4. | **Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач и изработена е Нацрт верзија на документот |
| 5. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот** | За реализација на проектот | Проектот беше отпочнат во април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2023година** | предвидени беа средства во висина од 400.000, 00ден | Поради огромниот интерес и пристигнати голем број барања за исплата на субвенции, а ограничениот број на средства за оваа намена и заради неможност за исплата на сите граѓани и доведување во нееднаква положба, Градоначалникот на Општина Охрид донесе одлука за поништување на јавниот повик. |
| 6. | **Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 400.000, 00ден | Зпочната е тендерска постапка за Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид |
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Пректот беше реализиран во почетокот на месец јуни, по повод одбележувањето на 5-ти јуни Светскиот ден на животната средина **Завршен проект** |
| 8. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 200.000,00ден | Избран е најповолен понудувач,проектот ќе се реализира во текот на септември |
| 9 | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот беше реализиран во текот на месец јуни **Завршен проект** |
| 10. | **Есенска рамноденица -** | За реализација | Пректот ке се реализира |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | во текот на месец септември |

II – Финансиски дел за активности за период 01.04.до 31.03.2023 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма не се реализирани финансиски средства.

**Број 08-12881/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за спорт и рекреација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/177** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната Програма за спорт и рекреација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/67**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**
**2023 ГОД. ЗА ПЕРИОДОД 01.04 ДО 30.06.2023**
**ПРОГРАМИ Л0 И ЛА**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Во континуитет уште од минатата година во организација на Сојузот за училишен спорт се реализираат Училишните спортски лиги за основни и средни училишта во повеќе спортови(футцал,баскет,одбојка,пинг-понг,шах,атлетика)

Успешно се реализира и проектот на Сојуз за училишен спорт за унапредување на наставата по ФЗО„Правилен раст и развој кај учениците од петто одделение во основните училишта“во сите основни училишта во општина Охрид.

За овој извештаен период согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ од **КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР* исплатени се средства кон ЈП„Билјанини извори’’-Охрид во висина од **600.000,00** денари.

**Од КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ* во овој извештаен период искористени и исплатени се средства во висина од **8.153.000** денари за реализација на програмите од клубовите согласно јавниот повик за субвенционирање на програми на спортски клубови, и здруженија од областа на спортот.

| | |
|---|---|
| **ГРК „Охрид“АД** | **2.700.000,00** |

| | |
|---|---|
| **ГФК Охрид Лихнидос** | **2.056.000,00** |
| **Кајак Кану Клуб Стрмец-Охрид** | **90.000,00** |
| **Градски Кошаркарски Клуб Охрид** | **900.000,00** |
| **ФК Воска Спорт** | **1.500.000,00** |
| **ЖФК Билјанини извори-Охрид** | **55.000,00** |
| **Тениски Клуб Охрид** | **95.000,00** |
| **ФК Св.Троица 2021** | **40.000,00** |
| **Шаховски Клуб Ласкер** | **55.000,00** |
| **ФК Еурофудбал 2-Охрид** | **56.000,00** |
| **ФК Ламасиа** | **51.000,00** |
| **ФК Рудар-Куратица** | **40.000,00** |
| **ФК Лескоец 999** | **70.000,00** |
| **АК Охрид** | **55.000,00** |
| **ПК Акваспирит** | **55.000,00** |
| **БЦЦ Д Стронгест енд Рутс** | **45.000,00** |
| **ФК Св.Тројца-Црногорци** | **40.000,00** |
| **ОФС-Охрид** | **50.000,00** |
| **КК Фудошин** | **90.000,00** |
| **КК Чоле** | **55.000.00** |
| **Риболовно друштво Св.Апостол Петар** | **55.000,00** |

**На ФК „Лескоец 999“ од вкупно 70.000,00 денари,30.000,00 денари се доделени со одлука на комисија за финансии,остатокот од 40.000,00 денари се преку јавен повик.**

**Од КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ,средства наменети за подршка на спортски манифестации,настани,проекти како и средства за спортисти индивидуалци искористени и се вкупно **903.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| **ШК Ласкер** | **45.000,00** |
| **ВК Шампион Систем** | **22.000,00** |
| **Про Баскет Јуниор** | **10.000,00** |
| **Топ Адвенчрс** | **75.000,00** |
| **ФК Некст Левел 2020** | **65.000,00** |
| **АК Охрид трчаТ** | **435.000,00** |
| **РК Седмерец** | **50.000,00** |
| **ПК Акваспирит** | **20.000,00** |
| **КК Кун-Су-То** | **35.000,00** |
| **РШ Седмерец** | **20.000,00** |
| **РШ Вардар седмерец** | **30.000,00** |
| **Никола Баракоски** | **55.000,00** |
| **Искра Маџоска** | **17.000,00** |
| **Блаже Љушев** | **17.000,00** |
| **Стефан Стефаноски** | **25.000,00** |
| **Јован Стојоски** | **30.000,00 по програма** |
| **Тамара Ѓурчиноска** | **12.000,00 по програма** |

Во овој извештаен период согласно календарот на спортски манифестации,настани и проекти се одржаа повеќе спортски манифестации,настани и отпочнаа со реализација на проекти од областа на спортот.

- РК Седмерец –втора година го организира турнирот за млади категории „5-ка за Ракомет”.На турнирот зедоа учество екипи од Македонија и според извештајот средствата се потрошени за организација на турнир за деца од повеќе генерации l,одржан на 13.05.2023.

ТК „Мастер“-мај,2023г.за прв пат организираше Државно првенство во Таеквондо на кое зедоа учество клубови од Македонија.Борбите се одвиваа во спортската сала при ЈП„Билјанини извори“Охрид.

- ШК„Ласкер“Охрид во овој извештаен ериод организираше два турнири- Турнир младинско првенство во шах„Lake Queen School Cup 2023“ и II Рапид турнир„Езерски бисер 2023“.

КК„КБС КУН-СУ-ТО“ Охрид и КК„Чоле“Охрид на 14.05.2023 година го организираа Меѓународниот карате турнир во карате.На турнирот зедоа учество над 600 каратисти од повеќе држави од Балканот,како и учесници од Украина.

Про Баскет Јуниор- На 20.05.203 година го организираше турнирот во кошарка за млади категории„Кошарката обединува“.На турнирот зедоа учество екипи од општина Охрид.

-ПК Акваспирит-Од месец април отпочна со реализација на проектот „Пливаме во сино”. Проектот се еализира во затворениот базен при Специјалната коснозглобна болница Св.Еразмо Охридски.Со проектот се опфетени деца со потешкотии во развојот и разни заболувања на локомоторниот апарат.

-РШ Вардар Седмерец-На 27.05.2023г се одржа тртиот турнир 5-ка за ракомет во организација на РШ Вардар Седмерец. На турнирот зедоа учество ракометни екипи од Македонија.Турнирот ги опфаќа пионерско кадетските категории.

-Хваранг ИТФ -Теквондо турнир кој се одржа на 24.06.2023 година. На турнирот зедоа учество над 200 натпреварувачи од 24 клубови од 7 земји од регионот,Бугарија,Хрватска,Албанија,Бих,Чешка,Србија и Македонија.

ФК.Некст левел 2020-Од 9 до 11 јуни се организираше првото издание на турнирот во фудбал за млади категории „Некст левел Куп 2023“.На турнирот зедоаучество 45 екипи од Македонија,Албанија,Косово и Србија.

-ФК ФЦ Копенхаген- фудбалски турнир за млади категории „Балкански надежи” од 19.06-25.06.2023 година.На турнирот зедоа учество над 1000деца од земјата и околните балкански држави.

КК„Колибри“-ОД 19 ДО 22 ЈУНИ 2023 година го организираше меѓународниот кошаркарски турнир за девојчиња и момчиња во генерации М12,М 14 и М16 „20години КК Колибри“.

Риболовно друштво Св.Апостол Петар во овој период организираше два настани„Крапски куп Охрид Крап 2023“ и Куп„Охрид 2023 Пливка“.

„Топ Адвенчрс“-Охрид,се одржа 5-то издание на Охрид Ултра траил од 26 до 28 мај 2023 година кое втора година по ред е во организација на „Топ Адвенчрс“-Охрид.Трката се одржуваше во НП.„Галичица“ и зедоа учество тркачи од повеќе земји во светот.На трката учествуваа 369 тркачи во трките на 100км,60км,40км и 22км.

Авантуристичкиот клуб„Планинско Лудило„ го организираше 5 то издание од 17 до 19 јуни на „Планинско Езерскиот фестивал Охрид-Галичица 2023“

На фестивалот зедоа учество над 250 планинари од земјата и околните Балкански држави.Планинарите традиционално го искачуваа врвот „Магаро“ на планината „Галичица“ а имаа логор во рамките на Авто кампот „Љубаништа“.

ВК.„Шампион систем“-започнувајќи од март до крај на април го реализираше проектот „ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ“.проектот се реализираше по основните училишта во општина Охрид со цел едукација на учениците.

ВК.„Лихнидос Охрид“- За прв пат оваа година го организираше натпревар во велосипедизам -Друмска Велосипедска трка „Куп на Охрид“на кој зедоа учество над 200 велосипедисти од Македонија.натпреварот се одрша на 14 мај 2023 година.

ОФС ФК„Фер Плеј Охрид-го реализираше првиот дел од турнирот во фудбал за млади категории на кој зедоа учество екипи од земјата и околните Балкански држави.Вториот и завршен дел од турнирот ќе го реализира крајот на месец август.

-АК Охрид трчаТ – го организираше 7-то издание на спортската атлетска манифестација Охрид Трчат 2023 која се одржа од 2 до 4 јуни 2023 година.Оваа година со рекорден број 2000 учесници од 27 земји.

Во рамките на спортската манифестација Охрид трчаТ на 10-ти мај„Светскиот ден на физичка активност” се одржа Детска трка за сите деца од општина Охрид и општина Дебрца ученици во прво одделение,вкупно 570 деца.

Сојуз за училишен спорт Охрид-продолжи со реализација на проектот „Правилен раст и развој кај учениците од петто одделение во основните училишта во Општина Охрид’’кој го реализираат проф.по Физичко и здравствено образование.

На 10-ти мај „Светскиот Ден на Физичка активност” Сојузот за училишен спорт преку активите во училиштата организираше спортски активности за одбележување на овој ден. Во рамките на одбележувањето учениците зедоа учество во повеќе спортови,фудбал,одбојка,пинг-понг,баскет,аеробик,велосипедизам,планинарење и шах.

Во овој период продолжија натпреварите во различни спортови во рамките на училишната спортска лига за основи и средни училишта во организација на Сојуз за училишен спорт.

Во овој извештаен период се исплатени средства и на спортисти индивидуалци кој согласно нивните програми кои настапуваа на првенства во земјата и странство и достојно ги претставуваа Охрид и Македонија.

**ПРОГРАМА ЛА**

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ не се искористени средства во овој извештаен период.

**Во периодот од 01.04.2023 до 30.06.2023 година искористени се вкупно 9.656.000,00 денари.**

**Број 08-12881/68** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** | **Претседател**
**О х р и д** | **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/178** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

**Поддршка на невладини организации**

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

На 04.11.2022 година Општина Охрид во партнерство со програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) објави јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната Програма за Локална демократија во Западен балкан 2 ReLOaD 2. Јавниот повик траеше до 02.012.2022 година. На повикот учествуваа 11 организации од кои избрана беше само една.

Од тие причини како и потребата од целосно реализирање на останатите средства предвидени во програмата на одделението за млади и невладини организции за поддршка на невладиниот сектор во изминатиов период беа остверени повеке средби со преставници на УНДП на кои беше дискутирано за распишување на нов

јавен повик како нивна посета и остварување средби со преставници на невладини организации за нивно аплицирање на истиот.

На 16.06.2023 година општина Охрид објави повторен јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (RELOAD2).

Врз основа на Меморандумот за разбирање меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и општина Охрид со број 09-9395/1 од 13.09.2021 и договорот за кофинансирање со број 09-8071/1 од 30.05 2023, на 08.06.2023 година, поднесовме барање до Градоначалникот на општина Охрид со бр.30-8498/1, во кое побаравме исплата на финансиски средства во висина од 376.806,00 денари од буџетот на општина Охрид за реализација на наведената активност. Средствата беа предвидени во програмата за Млади и невладини организации за 2023 година. Овие средства беа префрлени за реализацијата на проектот во рамки на RELOAD2 програмата на 16.06.2023 година.

**Поддршка на млади и младински политики**

***1. Младински центар Охрид***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

За таа цел Советот на општина Охрид донесе Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Со оваа одлука, општина Охрид на времено користење отстапи дел од просторот на кој општината има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид. Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три години). При тоа како што напоменавме во претходниот извештај беше :

- **Објавен Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.**
- **Избрана младинската организација Коалиција „ СЕГА “ која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид**
- **Отворен Младински центар Охрид**

Од 01.09.2022 година започна со работа Младинскиот центар. Просториите во кој е сместен Младинскиот центар Охрид, беа целосно опремени и прилагодени од страна на Општина Охрид и во истиот се вработени три лица, еден раководител и двајца младински работници избрани на претходно објавен оглас.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства се изврши на младинската организација Коалиција „ СЕГА “врз основа на договорот бр.09-4299/1 од 30.03.2022 година и на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар.

Така во изминатиов период поточно по барање бр.31-1184/1 од 30.01.2023, на младинската организација Коалиција „ СЕГА “ се исплатени 371.158,00 денари средства предвидени во програмата за Млади и Невладини организации 2023 година.

На 26.05.2023 година на младинската организација коалиција “Сега“ се исплатени1.484.630 денари средства предвидени во програмата за Млади и Невладини организации за 2023 година.

Во прилог Ви ги доставувам наративниот и финансикиот извештај на Младинскиот центар Охрид за периодот од 01.01.2023- 31.03.2023 година

**Наративен извештај**

* ПОЗАДИНА: Согласно годишната програма за работа на Младинскиот Центар Охрид и акционот план за месеците јануари, февруари, март. април, опфатени се активности од повеќе работни пакети

1. Програмски активности на Младински Центар Охрид за месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни

**Промоција на МЦО:**

*ЈАНУАРИ:

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку извештај за сработеното од почеток на отворање на МЦО, од 12.10.2022 до 31.12.2022. Беа објавени бројки на посетеност на Центарот и на социјалните мрежи, како и веб страната, објавен број на настани организирани од страна на МЦО, како и настани организирани од други организации.

МЦО креира генерален план со активности според новата годишна програма (до јуни 2023та година).

МЦО креира детален план со активности за јануари и февруари 2023та година.

Според акцискиот план за јануари се спроведоа следните активности:

- Редовни координативни состаноци секој понеделник;
- Објавени повици за Медија Клубот и продолжување на повикот за Креативен Клуб, нешто порано од предвиденото (Медија Клуб - 12.01.2023; Креативен Клуб - 10.01.2023);
- Средбата со Волонтерскиот Клуб предвидена за 12.01.2023, се одржа на 17.01.2023 поради неможност на повеќето волонтери да присуствуваат. На волонтерите им беше претставена годишната програма, активностите за јануари и февруари; координација за промоција по средните училишта во февруари заедно со волонтерите итн.;
- Се обележа Меѓународниот ден на образованието со online кампања на 24.01.2023; исконтактиравме повеќе професори од средните и основните училишта да споделат нивен став по повод овогодинешната тема за Меѓународниот ден: „Да инвестираме во луѓе, да дадеме приоритет на образованието“ и нивните пораки беа објавени на нашата веб страна, како и социјалните мрежи.
- На 25.01.2023 МЦО со online објава обележа 42 години од раѓањето на нашиот најголем музичар Тоше Проески;
- Отворен профил на социјалната мрежа за соработка: LinkdIn
- Одложено предавањето од 30.01.2023 за дополнително утврден датум во февруари, на тема: „Како да се заштитеме од сајбер криминалитет“, по повод денот за заштита на податоци (28.01)
- На 30.01.2023 МЦО ја зголеми содржината во својот Центар, покрај едукативните содржини, обезбедивме и повеќе друштвени игри кои можат слободно да се користат за поголема дружба и забава во Центарот.

*ФЕВРУАРИ

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и нашата веб страна, како и неколку промоции кои се одржаа во некои од средните училишта во месец февруари, како и заинтересирани млади кои доаѓаат во Центарот и се интересираат за самата функција на МЦО и како можат да се активни во Младинскиот Центар.

Според акцискиот план за февруари се спроведоа следните активности:

- Редовни координативни состаноци секој понеделник;

- промоција на МЦО во средни училишта и потпишување на меморандум со 2 училишта и тоа: ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид и РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид;

- на 05.02.2023 - Повод 21ви февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик, Младински Центар Охрид распиша литературен конкурс на тема „Векувањето на македонскиот јазик“.

- на 13.02.2023 - промоција во средното училиште ОСУ „Св.Климент Охридски“, во сите паралелки од четирите години.

- на 15 февруари 2023 година, се одржа час/работилница на тема „Запознајте ги своите права“ со ученици од ООУ „Кочо Рацин“ и ОУ „Христо Узунов“

- повод 21ви февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик - Доделени беа сертификати на наградените творби и добитниците ги претставија своите литературни творби пред присутните. Покрај распишаниот литературен конкурс се одржа и креативна работилница.

Прво младата писателка Матеа Стоев, го промовираше своето второ литературно дело, збирката раскази „Другаруваме со Лили и Вили“. Потоа заедно со тимот на МЦО одржа креативна работилница со учениците од I до III одделение од ООУ „Кочо Рацин“, кои изработија креативни честитки повод 8-ми Март! “

- МЦО во соработка на Американско катче – Струга, на 21 февруари 2023 година организираше Презентација на грантови.

- На ден 22.02.2023 година во 12:00 часот по претходно договорена средба во Младинскиот Центар Охрид пристигна Христијан Ламбевски, член и еден од основачите за Здруженинето на планинари „ВелиКамен“ – Охрид.

- На ден 22.02.2023 година во 15:00 часот во Младинскиот центар – Охрид се одржа средба со претставници на здружението „Тајните на моето срце” – Здружение на родители на лицата со посебни потреби.

- 27 февруари – официјално формирање на Медија клуб и Креативен Клуб и започнување со подготовките за изработка на списанието, како и вмрежување со останатите членови од Волонтерскиот клуб;

- 28 февруари - Светски ден на лицата со ретки болести – тимот на МЦО заедно со своите волонтери во ходникот на Младинскиот Центар Охрид изработи Мурал во чест на лицата со ретки болести со порака: „Ретко е да си редок“

*МАРТ

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и нашата веб страна, како и присуство на тимот на МЦО на различни настани.

Според акцискиот план за март се спроведоа следните активности:

- Редовни координативни состаноци секој понеделник;

- На 2 март во соработка со Црвен крст Охрид, се одржа предавање на тема „Рак на грлото на матката-причини, симптоми, тестови, стадиуми, превенција и лечење“ со Д-р Јасна Митреска, спец.гинеколог;

- на 08.03.2023, Повод 8ми Март во Младински Центар Охрид се одржа првата трибина „И јас сум од Кочо Рацин“.

Говорници на трибината беа М-р Ангелина Митреска – Директор на развој во Makitel и магистер по електротехника и информациски технологии и наставник Бобан Блажески (историја).

- на 08.03.2023, Повод 8ми Март, тимот на МЦО и волонтерите поделија инфо флаери за центарот и картички за попуст „Охриѓанка“ на младите девојки од Охрид во соработка со групата „Охриѓани“ и Инсајд Кафе.

- на 10.03.2023 објавен повик за промоција на млади поети повод 21ви март - Светски ден на поезијата.

- на 10.03.2023 од 18ч тимот на МЦО одржа средба со волонтерите од трите клубови.

- На 15.03.2023, Младински Центар Охрид во соработка со ООУ "Кочо Рацин"- Охрид продолжи со неделните мотивирачки трибини „И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Виктор Илоски успешен бизнисмен во Охрид.

Трибана ја отвори директорката на ООУ „Кочо Рацин“ Г-ѓа Славица Котеска која говореше значењето на мотивирачките трибини и нивното влијание врз учениците.

- На На 15 март во Младински Центар Охрид се одржа локална дискусија на тема „Потребите и предизвиците на средношколците“. На локалната дискусија учествуваа 20 претставници на младинските (ученичките) заедници од четирите средни училишта во Општина Охрид.

- На 17 март во Младински Центар Охрид се одржа работилница за кариерно советување со наслов „Мојот кариерен избор“.

Учесниците имаа можност да научат:

- Што е кариерно советување?
- Како изгледа циклусот на кариерно планирање?
- Што треба да направат за да донесат правилна информирана одлука за идна кариера ?

Работилницата ја реализираше Младински Центар Охрид во соработка со Марија Коваческа и Ана Топенчарова Коваческа, Меѓународно сертифицирани светници за развој на кариера.

- На 18 март, Младински Центар Охрид во соработка со „Драма Филм“ ДОО – Скопје организираа прикажување на краткометражни филмови.

„Ноќ на кратки филмови“ беше насловен настанот за сите млади љубители на кратка форма на филм. Настанот се состоеше од 2 дела, каде во првиот дел беа прокажани 4 краткометражни филмови

- Повод 21ви март – Светски ден на поезијата Младински Центар Охрид со поддршка на младите поети на авторска поезија - се одржа онлајн промоција на млади поети на нашите социјални мрежи.

- На 24.03.2023, Младински Центар Охрид во соработка со ООУ “Кочо Рацин”- Охрид продолжи со неделните мотивирачки трибини „И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Марија Стојаноска успешен претприемач во Охрид. Трибана ја отвори директорката на ООУ „Кочо Рацин“ Г-ѓа Славица Котеска.

- На 27.03.2023, Младински Центар Охрид, со онлајн флаер и објавен текст го одбележа 27ми Март - Светскиот ден на театарот.

- Младински Центар Охрид, на 29 март продолжија неделните мотивирачки трибини „И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Богдан Василевски успешен менаџер и претприемач во Охрид.

- На 31.03.2023, одржана средба со волонтерите од трите клубови.

- На 31.03.2023, МЦО учествуваше во организација на Хумантирана забава за потребите на лекувањето на младиот студент Бојан Крстески.

*Во овој тримесечен период МЦО организира 27 активности, настани, онлајн кампањи

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ**

Јануари:

● На 21 јануари Здружението Топ Адвенчрс Охрид (Охрид Ултра-Треил), во просториите на Младински Центар Охрид одржа технички состанок со волонтерите на трката Охрид Ултра-Треил.

● Од 27.01.2023 - 29.01.2023 Во Младински Центар Охрид започна циклусот на обуки за Работник со млади, кој го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА. Сертифицираната обука за Работници со млади ќе продолжи во следните три месеци. „Што е младинска работа? Кои се елементите на младинската работа? Организирање на работа со млади?“, се само дел од темите со кои се запозна Првата генерација на Работници со млади. Првиот модул се одржа од 27 – 29 јануари 2023 година.

● На 31 јануари Здружението за заштита и одржлив развој на животната средина Регионален Зелен Центар Охрид, во просториите на Младински Центар Охрид одржа средба со сите релевантни институции, локално население и млади за формирање форум за управување и заштита на трската. Цел на настанот беше да се направи предлог – иницијатива за измена на степенот на заштита на трската.

Февруари:

● 4 февруари – Рапид турнир во шах ЕЗЕРСКИ БИСЕР 2023 (ШК ЛАСКЕР Охрид)

● 16 февруари - Обука за програмирање за деца (Stellar Solutions/ Kasarna Hub)

● 17-19 февруари – Обука за младински работници (Коалиција СЕГА)

● 20 февруари – Обука за негуватели (ЦОО – ПАБ, Битола)

● На 15ти и 20ти февруари Здружението за заштита и одржлив развој на животната средина Регионален Зелен Центар Охрид, во просториите на Младински Центар Охрид одржаа состаноци со своите соработници со цел завршна агенда за нивниот проект за Заштита на трската долж Охридското крајбрежје

Март:

● На 1 март Младински Центар Охрид потпиша меморандум за соработка со СУП Клуб Охрид.

● Од 1ви до 3ти март во Младински Центар Охрид се спроведе дел од проектот „Connections“ кој има за цел да ги зајакне дигиталните вештини на младинските работници. Како домаќин на овој дел од проектот беа Коалција СЕГА, а учествуваа младински работници од Франција, Белгија, Тунис и Македонија.

● На 16 март Младински Центар Охрид потпиша меморандум за соработка со Американско катче Струга.

● На 18.03.2023 во посета на Младински Центар Охрид беа 50 млади од рурална Пелагонија, 9 асистенти на граѓански организации и дел од Градоначалниците на општините во Пелагонија.

● Младински Центар Охрид во соработка со Регионален зелен центар Охрид почнувајќи од денес ја отвори изложбата на фотографии како дел од проектот „Мапирање и управување со трската во Охридското Езеро“.

● Од 21ви до 24ти март младинскиот работник Иво Ристески беше учесник на обуката „Further step to youth work“ која ја спроведе Коалиција СЕГА во рамки на соработката Македонија - Нормандија - Франција.

● Од 24ти до 26ти март во МЦО се одржа Модул 3 од сертифицираната обука за работници со млади.

● На 31.03.2023 во МЦО со почеток од 17:00 часот се одржа промоција на книгата „Потрага по загубениот гроб“ од авторот Панче Коцев

*Останати активности за овие 3 месеци вкупно: 16 настани, активности

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА МЕСЕЦИТЕ АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ**

**Кооридинативни состаноци**

Проектниот тим кој го сочинуваат раководител на програми, координатор на МЦО и финансиски Менаџер од Коалицијата Сега како и раководител и два младински работници од МЦО организираа редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на МЦО.

Состаноците се одржаа онлајн и со физичко присуство во МЦО на 05.04.2023, 19.04.2023, 15,05.2023, 22.05.2023, 24.05.2023, 31.05.2023, 20.06.2023, 21.06.2023, 28.06.2023 и 30.06.2023

**Промоција на МЦО**

Продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваа на социјалните мрежи и на веб страната на Младински Центар Охрид како и промоција од страна на тимот на МЦО на различни настани. На веб страната на МЦО и на социјалнит мрежи работниот тим и во овој квартал споделуваше информации за напредокот на адктивностите на МЦО. Веб страната како и социјалните мрежи се користат како канали за комуникација со јавноста.

Линкови од веб стран и профили на социјалнита мрежи:

-mco.mk

-www.facebook.com/MladinskiCentarOpstinaOhrid

-www.instagram.com/mladinskicentar opstinaohrid

-www.linkedin.com/company/mladinski-centar-ohrid

-www.youtube/chanel/UCLFb

Дополнително се отвори YouTube канал за потребите на Младински Центар Охрид. Целта е преку креативни и едукативни видеа да допреме до младите и поголема промоција на МЦО. Според акциониот план за април, мај, и јуни 2023 година беа раализирани повеќе активности за промоција на МЦО:

**неделни мотивирачки трибини “И јас сум Кочо Рацин“**

-мотивирачка трибина со д-р Билјана Пецакова

На 06 април 2023 година во Младински Центар Охрид породолжија неделните мотивирачки активности на тема “и јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше д-р Билјана Пецакова, специјалист за орална хирургија. На настанот се промовираа услугите за млади од МЦО.

-мотивирачка трибина со Мери Најдеска

На 11 април во МЦО породолжија неделните мотивирачки активности “И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Мери Најдеска, м-р по финансиски, даночен менаџмент.

-мотивирачка трибина со Андреа Илоски

Во Младински Центар Охрид на 26 април породолжија неделните мотивирачки активности “И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Лидија Петкоска, пратеник во Собранието на Р.Македонија.

-мотивирачка трибина со Дејан Лескароски

Во младински Центар Охрид, на 11 мај продолжија неделните мотивирачки активности на тема “И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Деан Лескароски, поранешен фудбалер и помошник тренер на новиот шампион на првата македонска фудбалска лига-ФК Струга Трим Лум.

-мотивирачка трибина со Борче Димоски

МЦО во соработка со ООУ “Кочо Рацин“- Охрид продолжи со неделните мотивирачки трибини “И јас сум од Кочо Рацин“. Говорник на трибината беше Борче Димоски успешен предприемач и сопственик на “Digital Box“ – Охрид.

По повод успешно завршената учебна година, учениците од ООУ “Кочо Рацин“ одржаа завршен концерт во МЦО. На настанот беа доделени благодарници за успешна соработка и афирмација на училиштето.

**Младински Центар Охрид на Охрид ТрчаТ**

На 3 и 4 јуни 2023 година, МЦО беше дел од Охрид трчаТ и реализира два инфо денови. Заедно со дел од волонтерите беше промовирана работата на МЦ,активностите и можностите за вклучување локалните млади во текот на летниот период, како и активностите кои следуваат. Беа информирани повеќе од 200 луѓе.

**Младински Центар Охрид на саем на компании во екоомското училиште**

На 22 мај, МЦО учествуваше на отворениот ден во СОСУ “Св. Кирил и Методиј“-Охрид. Со тоа се создаде можност за промоција на работата на Центарот, активностите и можностите за вклучување на младите.Една од целите на МЦО е и вработување на младите и промоција на програмата Гаранција за млади која е наменета за млади лица на возраст од 18 до 29 години, кои не се вработени ниту се вклучени во образование или обука. За таа цел покрај тимот на МЦО, на штандот присуствуваа координаторот на југозападен регион за гаранција на млади- Јасминка Поповска и теренскиот работник на територијата на општина Охрид- Јована Ристеска. Беа информирани повеќе од 300 луѓе.

**Младинско информирање**

Со цел навремено и точно информирање на локалните малди за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, огласи за практиканство, локални јавни повици)

Проектниот тим на МЦО воспостави функционална веб страница на која младинските работници објавуват секојдневни информации.

**Според акционот план за април, мај и јуни за 2023 година се реализирани следните активности за вработување**

**Младински Центар Охрид организираше Саем за образовани и кариера**

На 12 ,мај 2023 година, во МЦО се одржа Саем за образование и кариера. На саемот учествуваа претставници од четирите средни училишта н Општина Охрид и едно средно училиште од општина Струга со промотивни материјали преку кои ги презентираа нивните програми и можности за учење пред полуматурантите.
Покрај можностите за полуматурантите на саемот учествуваа и дел од факултетите и униврзитетите, каде имаа можност да ги представат своите програми за студирање пред матурантите. На овој саем учествуваа: “Факултетот за туризам и угостителство“- Охрид АУЕ- ФОН, Факултетот за информатички науки “Св. Апостол Павле“- Охрид и Градежниот факултет при УКИМ. Присутните имаа можност да се консултираат за своите кариерни можности и надоградба од лиценцирани кариерни советници.

**Саем за промоција на волонтерски можности во граѓански организации во Охрид**

МЦО на 24.05.2023 организираше саем за невладини организции од граѓанскиот сектор кои ги промовираа своите програми пред младите и граѓаните со цел промовирање волонтерски можности за лентиот период.

**Неформално образование**

Според акциониот план за април, мај и јуниза 2023 година беа реализирни следните активноси за неформално образование на младите

**МЦО одржа едукативна работилница “Социјални медиуми“**

На 30 мај во МЦО се одржа едукативна работилница на тема “Социјални медиуми“, Учесниците имаа можност да научат повеќе за медиумите, користење на социјални медиуми, како да препознаат лажни вести и влијанитето врз здравјето преку постојано користење на мобилен телефон

**Работилница за кариерно советување со наслов “Мојот кариерен избор“**

На 31 мајво МЦО се одржа работилница за кариерно советување со наслов “Мојот кариерен избор“

Учесниците имаа можност да учат

Што е кариерно советување

Како изгледа циклусот на кариерно планирање

Што треба да направат за да донесат правилна информирана одлуказа идна кариера.

**Натпревар во знање квиз наменет за ученици од средните училишта**

На 28 април 2023 година ви МЦО се одржа натпревар во знаење наменет за ученици од средните училишта во општина Охрид. На квизот право на учество имаа екипи составени од 4 натпреварувачи од охридските средни школи. Се натпреваруваа 14 екипи односно 56 ученици од три средни училишта и тоа :ОСУ Св.“Климент Охридски“, ОСУ “Св. Кирил и Методиј“ И ЕМУЦ СВ. “Наум Охридски“

**Потикнување на креативност**

Според акциониот план за април, мај и јуни беа преземени повеќе активности за потикнување на креативност на младите:

**Креативна работилница за Велигден**

На 12 април во просториите на МЦО, тимот на МЦО и волонтерите одржаа креативна работилница каде се одржаа различни активности по повод Велигденскиот базар на 13 Април.

**Креативна работилница за ликовна уметност за млади.**

На 19 април, 2023 година во МЦО беше одржана креативна работилница за ликовна уметност за млади. Ова беше одлична можност за креативно изразување на огромниот креативен потенцијал на младите. На работилницата учествуваа дел од волнонтерите на МЦО кои беа заинтересирани за техниката цртање со молив.

**Култура**

Според акциониот план за април, мај и јуни 2023 година реализирани се следните културни настани:

**Младински центар охрид организираше хуманитарен настан**

На 7 април 2023 година МЦО организираше хуманитарен настан од “Срце за Бојан Крстески“, кој се одржа на полигонот од поранешна касарна Охрид, Во текот на целиот ден се одржаа повеќе активности и тоа: урбана уметност, пинг понг, турнир, серва, шах, јамб,уно...

**Членови на КУД Пирамида во посета на МЦО**

На 8 април најмладите членови на КУД “Пирамида“ Охрид, беа во посета на младински центар Охрид. Целта на посетата беше од едукативен карактер. 40 младинци го гледаа документарниот филм “Ренесанса на Балканските Египќани“

**МЦО учествуваше на “велигденски базар“**

На 13 април МЦО учествуваше на велигденски базар. Имаше свој штанд со рачни изработки на плоштадот “Крушевска Република“. Базарот беше организиран од Општина Охрид во соработка со ЈП “Градски Пазар“.

**Промовиран филмот “Да почнеме од нас“**

На 18 мај 2023 година во МЦО учениците од ООУ “Григор Прличев“ – Охрид имаа своја промоција на нивниот прв краток филм “Да почнеме од нас“. Филмот е во режија, монтажа и сценарио на ученикот Иво Георгиески, а во главна улога учениците

Ана Марија Цветковиќ, Ана Илоска, Руждие Асан, Елена Веруш, Софија Мирческа, Фросина Белистојаноски, Анастасија Настеска и Славица Мојсоска под менторство на наставничката Славица Јолакоска-Таштаноска.Со овој филм тие повикуваат на разумност, примерност и гласно извикуваат Стоп на врсничкото насилство во која и да било форма. Кога децата ќе го представат нивното секојдневие низ нивното гледиште, кога ќе ги сватат грешките и кога ќе учат од нив, тогаш сте сигурни дека тие го трасираат вистинскиот пат. На настанот имаше 60 присутни гости.

**Летна школа за фотографија**

На 29 јуни, во МЦО започна летната школа за фотографија во соработка со Борче Димоски од DigitalBox. Ова беше првата од серијата работилници кои се реализираа преку летната школа за фотографија. Учесниците имаа можност да ги развијат своите вештини и да разменат идеи и прреку позитивна енергија да ја развијат својата креативност. По завршување на летната школа учесниците имаа шанси преку креативни дела да ја направат нашата заедница поубаво место за живеење. На настанот присуствуваа 15 луѓе.

**Рекреативен пинг-понг турнир**

На 30 јуни во организација на Младински центар Охрид се одржа рекреативен пинф понг турнир. Се играше до три добиени сета и освоени 21 поени. Турнирот се играше во 2 категории индивидуалец и парови. Учеството на турнирот беше бесплатно а победниците освоија пихг-понг плака (натурнирот учествуваа 15 млади)

**СОРАБОТКА СО ОПШТИНА ОХРИД И ЛМС ОХРИД**

**Дискусија “Од ЕУ за Вас: Опремување на локалните младински совети со најдобрите европски практики“ TeamEurope**

На 23 јуни во МЦО се одржа дискусија “Од ЕУ за Вас: опремување на локалните младински совети со најдобрите европски практики“ TeamEurope.Настанот беше во организација на Europe House Скопје, Центарот за меѓукултурен дијалог, и амбасадата на Хрватска во Република Македонија, Н.Е.Нивес Тигањ, која со младите дискутираше за перспективите на локалната младина и сите потреби и предизвици како и за начинот на делување на Локалниот совет на млади во Охрид.По завршување на официјалниот дел од настанот, амбасадорката Тигањ оствари средба со градоначалникот Кирил Пецаков на која се разговараше за потребите и предизвиците на младите во Охрид, можноста за воспоставување соработка на Охрид и градот Дубровник како и за неколку теми и проекти од заеднички интерес за двата града. На настанот присуствуаа 15 млсди, представници од МЦО,ЛМС, ученички заедници, засегнати млади.

**Посета на делегација од Косово**

На 23 јуни во посета на МЦО беа млади од Косово, представници од НВО, представници на политички подмладоци како и млади вработени во јавните институции кои работат во секторите за млади и спорт.Целта на оваа посета беше споделување на добри практики, начиниот на функционирање на Центарот и размена на ставови на повеќе теми: млади, младински форуми, институционална поддршка, инклузија на младите и можност за соработка. На покана на МЦО на дискусијата присуствуваа и новите представници на Локалниот Совет на млади при Општина Охрид со цел вмрежување со младите од Косово.

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ**

**Магична вечер со Филип Огњан-Fantomsky**

На 6 април во МЦО се организираше вечер на трикови. Магична вечер со Филип Огњан-Fantomsky.(на настанот учествуваа 40 учесници од различни возрасти, деца, младинци, возрасни луѓе)

**Учество на обука “youth work in Green entrepreneurship“**

Од 1 дод 7-ми мај 2023 година, во Струга коалиција СЕГА одржа обука “youth work in Green entreneurship“. На оваа обука учествуваше Иво Ристески како претставник на МЦО. Исто така на обуката учествуваа младински работници од Македонија, Турција, Словачка.

**Трибина за унапредување на пристапот за заштита од дискриминација во општина Охрид**

Опција Охрид, Мрежата за заштита од дискриминација и Комисијата за заштита и спречување од дискриминација на ден 05.05 2023 година во просториите на Младински Центар Охрид одржаа трибина насловена “Здружени и гласни за општество без дискриминација: трибина за унапредување на пристапот до заштита од дискриминација во општина Охрид. Оваа трибина е прва активност во општина Охрид од проектот “Видливи, здружени и гласни-акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“ поддржан од програмата Цивика Мобилитас. На настанот присуствуваше и градоначалникот Кирил Пецаков како и други засегнати страни, граѓани, претставници од институции..На настанот учествуваа 24 лица.

**Учество на младинска размена “DIGYouth action for green reaction“**

Коалиција на младински организации СЕГА во периодот од 01-07 јуни 2023 година спроведе меѓународна младинска размена “DIGYouth action for green reaction“ во Струга.Представници на центарот, раководителот Јован Цветкоски и Иво Ристески зедоа активно учество на оваа размена. На размената учествуваа и млади од Турција, Италија и Македонија. Целта на младинската размена беше зголемување на младинскиот активизам поврзан со зелени практики за одржливост. Целите на младинската размена се развивање знаења и вестнини за зачувување на зелената средина преку уптреба на дигитални алатки и поттикнување на активизам и учество на младите преку промоција на зелени практики меѓу нивните врсници. Младинската размена се реализираше во рамки на Еразмус+програмата со подршка од Националната агенција за образовни програми и мобилност.

**Учество на конференција“Europe goes local-EGL“ во Стокхолм, Шведска 23-25 мај 2023 година**

Во периодот од 23-25 мај 2023 година, Иво Ристески како представник на Младински Центар Охрид, Коалицијата на Младински организации СЕГА заедно со представник од МЦ Куманво и службениците за млади од Општините Велес и Пробиштип а со поддршка на НА учествуваше на 5-от европски настанна “Европа оди локално“ заедно со повеќе од 170 учесници од 27 земји, кој се одржа во Стокхолм Шведска. Целта покрај размената на добри практики и искуства беше и:

-квалитетен развој на локалната младинска работа-поддршка при признавањето и квалитетниот развој на младинската работа, како дел на општинската младинска политика, раководена од Европската Повелба за локална младинска работа.

-промовирање на европски можности за поддршка на локалната младинска работа-правејќи ја европската димензија составен дел од младинската работа на општинско ниво.

-создавање мостови меѓу европските и локалните учесници-придонесување за развојот на младинската работа како дел од европската соработка во полето на европската соработка.

-зајакнување на дијалогот меѓу учесниците-правеќи ја европската димензија интегрална за локалната младинска работа и нудејќи алатки и можности за соработка и воведување на најдобрите европски практики со цел врсничка едукација.

**Учество на форум youth@Work во Ларнака Кипар 05-09 јуни 2023 година**

Во периодот од 05-09 јуни 2023 година, претставник од МЦО учествуваше на форумот Youth@Work derving intoSouthem innovative Practices во Ларнака Кипар.На настанот се споделуваа искуства и се разговараше на следните прашања, можности кои ја поттикнуваат вработливоста кај младите? Како може младинската работа да го поддржи развојот на меки вештини?. Оваа активност беше организирана од страна на Националната Агенција за образовни програми и мобилност во соработка со коалиција на младински организации СЕГА.

**ПОСЕТЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ:**

-Во тримесечниот период (Јануари, февруари и март) центарот беше посетен од страна на околу 1300 посетители, вклучувајќи учесници на настаните, како и луѓе кои го посетуваат центарот на дневна база.

-во тримесечниот период (април, мај и јуни) центарот беше посетен од страна на околу1704 посетители, вклучувајќу учесници на настаните како и луѓе кои го посетуваат центарот на дневна основа.

**ОЦЕНКА ЗА ПОСЕТАТА НА ВЕБ СТРАНАТА**

- Во текот на месеците јануари, февруари и март веб страната е посетена: 16,653 пати.

Во текот на овие 3 месеци, на веб страната се објавени 132 вести.

-во текот на месеците април, мај и јуни веб страната е посетена 18,973 пати.

Во текот на овие три месеци, на веб страната се објавени 75 вести.

**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ И СТАТИСТИКА НА ПОСЕТИ И ИНТЕРАКЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ**

**Статистики од FACEBOOK (од 01.01.2023 до 31.03.2023):**

- post reach: 22,661; engagement: 11,084; followers: 902

**Статистики од INSTAGRAM (од 01.01.2023 до 31.03.2023)**:

- Accounts reached: 3,308; Accounts engaged: 672 Total Followers: 4

**Статистики од facebook (01.04.2023 до 30.06.2023)**

-post reach:34,200: engagement:6.600:folovers:1108

**Статистики од Instagram (01.04.2023 до 30.06.2023**)

-accounts reached:2,395 accounts engaged:465
Total followers:534

# Финасиски извештај

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
**01 јануари - 30 јуни 2023 година**
**За раководење со Младински центар Охрид, Коалиција на младински организации СЕГА**

| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ | Побарано од општина Охрид | Реализирани трошоци Прв квартал од 2023 | Реализирани трошоци Втор квартал од 2023 | Учество на апликантот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис на трошокот | Тип | Цена | # Единици | Единици | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) |
| **1. Персонал** | | | | | | **1,146,600.00** | **249,608.00** | **234,816.00** | **1,222,572.00** | **2,369,172.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 49,570.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | | 594,840.00 | 594,840.00 |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 40,311.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | | 483,732.00 | 483,732.00 |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 34,950.00 | 1 | 12 | 419,400.00 | 104,850.00 | 114,150.00 | 0.00 | 419,400.00 |
| 1.4 | МЦО Младински работник | месец | 30,300.00 | 2 | 12 | 727,200.00 | 144,758.00 | 120,666.00 | 0.00 | 727,200.00 |
| 1.5 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 12,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | | 144,000.00 | 144,000.00 |
| **2. Патни трошоци** | | | | | | **37,920.00** | **0.00** | **4,240.00** | **48,000.00** | **85,920.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 0.00 | 4,240.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локални патни трошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 12,000.00 |
| 2.3 | Патни трошоци за учество на обуки и конференции | месец | 2,000.00 | 2 | 12 | 0.00 | 0.00 | | 48,000.00 | 48,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **9,000.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување, работни материјали, храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 9,000.00 |
| **4. Други директни трошоци** | | | | | | **9,600.00** | **2,200.00** | **30,575.00** | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 2,200.00 | 2,690.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5. Индиректни трошоци** | | | | | | **72,000.00** | **0.00** | **23,232.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 0.00 | 3,000.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 1,653.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 579.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 18,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфични трошоци поврзани со проектот** | | | | | | **187,660.00** | **0.00** | **4,547.00** | **0.00** | **187,660.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали (500 значки, 50 маици, стикери) | единица | 39,160.00 | 1 | 1 | 39,160.00 | 0.00 | | 0.00 | 39,160.00 |
| 6.2 | Трошоци за освежување за организирање на настани | единица | 2,000.00 | 6 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 926.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.3 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.4 | Театарска работилница - реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.5 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 5,000.00 | 2 | 1 | 10,000.00 | 0.00 | 1,049.00 | 0.00 | 10,000.00 |
| 6.6 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | 0.00 | 2,572.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.7 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.8 | Национална кампања за младинско учество | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.9 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.10 | Борд игри | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 5,000.00 |
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | | 0.00 | 3,500.00 |
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **224,300.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **224,300.00** |
| 7.1 | Флипчарт табла | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | | 0.00 | 3,500.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.2 | ЛЦД проектор | единица | 0.00 | 1 | 1 | 0.00 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 |
| 7.3 | Конгресни столици | единица | 2,200.00 | 20 | 1 | 44,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 44,000.00 |
| 7.4 | Правосмукалка | единица | 7,500.00 | 1 | 1 | 7,500.00 | 0.00 | | 0.00 | 7,500.00 |
| 7.5 | Држач за телевизор | единица | 2,500.00 | 1 | 1 | 2,500.00 | 0.00 | | 0.00 | 2,500.00 |
| 7.6 | Фиокари | единица | 6,600.00 | 3 | 1 | 19,800.00 | 0.00 | | 0.00 | 19,800.00 |
| 7.7 | Инвертер клима 3,5 KW | единица | 32,000.00 | 1 | 1 | 32,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 32,000.00 |
| 7.8 | Инвертер клима 7 KW | единица | 60,000.00 | 1 | 1 | 60,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 60,000.00 |
| 7.9 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.10 | Клуб Масички | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.11 | Брендирање на прозори | единица | 4,000.00 | 1 | 1 | 4,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 4,000.00 |
| 7.12 | Полици за книги | единица | 12,000.00 | 1 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 12,000.00 |
| 7.13 | Алумумски рамки А1 (за промотивни постери) | единица | 1,000.00 | 5 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | | 0.00 | 5,000.00 |
| Вкупно директни трошоци | | | | | | 1,687,080.00 | 251,808.00 | 297,410.00 | 1,294,572.00 | 2,981,652.00 |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 168,708.00 | MKD 25,180.80 | MKD 29,741.00 | MKD 0.00 | MKD 168,708.00 |
| ВКУПНО | | | | | | MKD 1,855,788.00 | MKD 276,988.80 | MKD 327,151.00 | MKD 1,294,572.00 | MKD 3,150,360.00 |

| | ОПШТИНА ОХРИД | Потрошени средства (прв квартал) | Потрошени средства (втор квартал) | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ | 58.91% | MKD 276,988.80 | MKD 327,151.00 | 41.09% | 100.00% |

| Датум | Сума | Опис |
|---|---|---|
| | MKD 1,855,788.00 | Вкупно одобрени средства од Општина Охрид |
| 21.02.2023 | MKD 371,158.00 | Трансфер на средства од Општина Охрид за предфинансирање (20%) |
| 31.03.2023 | MKD 276,988.80 | Потрошени средства во прв квартал |
| 26.05.2023 | MKD 1,484,630.00 | Трансфер на средства од Општина Охрид |
| 30.06.2023 | MKD 327,151.00 | Потрошени средства во втор квартал |
| 30.06.2023 | MKD 1,251,648.20 | Биланс на преостанати средства |

## *2 .Локален младински совет*

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност беше инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на локално младинско собрание и Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Од тие причини продолжува интензивната соработка помеѓу одделението за млади и невладини организации преку службеникот за млади со Локалниот младински совет и Собранието на млади.Во изминатиот период беа остварени неколку средби со Локалниот младински совет на кои беше разговарано за проектите кои што се предвидени во наредниот период како и динамиката на нивна реалзиција :

– **Денови на спорт**

- **Сообраќај – учење за безбедноста на патиштата, практикување на повисоко ниво на култура и одговорност во сообраќајот, важноста на почитување на сообраќајните правила и прописи**

Воедно би сакале да напомениме дека во периодот што следува поточно во месец Април истекува мандатот на членовите во Советот на млади и од тие причини беше иницирана и остварена средба со ученичките заедници од средните училишта,претставниците од Сојузот на студенти при факултетот за Туризам и Угостителтво-„Охрид“ и факултетот за информатички науки и технологии„Св.Апостол Павле“, како и поедночни средби со претставници на невладиниот сектор кои се активни во младинската политика со цел нивно запознавање со телата ЛМ Совет и ЛМ Собрание, изборот, функцијата, правата и должностите како и нивно интегрирање во работата на ЛМС, бидејки тие се една од засегнатите страни и е неопходно нивно активно учество во истиот на следните избори за ЛМС .

Врз основа на член 18 став 3 и 4 од законот за младинско учество и младински политики како и врз основа на член 73 став 6,9 и 10 од Статутот на општина Охрид, Локалното собрание на млади на општина Охрид, на седницата одржана на 19.06.2023 година донесе Одлука за избор на нови членови на Локалниот Младински Совет на општина Охрид. За членови на ЛМС беа избрани следниве кандидати:Игор Јосифоски, Калина Стојаноска, Стефанија Битолкоска, Кети Маркоска, Александар Стојановски, Петар Сарафилоски и Александар Бојчевски.

**Број 08-12881/70** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/179** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА***

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2023 – 30.06.2023 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка„Јасна Ристеска“,основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**

Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**

- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**
  По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт на етно составот „Чалгија Саунд систем“ кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години station наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.
- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од **смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Зоран Анчески и претставување на поемата „Коњски житија“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев“ на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа проф. Александра Ѓуркова.

На свеченоста беа доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.

Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2023 година на тема: „Прличев и ние“, а се одржа и промоција на аудио- засписот „Душевните очи на Григор Прличев“ од академик Анте Поповски.

- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата и свечена програма во спомен- куќата на Христо Узунов,одбележана е 115 **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**
- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“ , а со поддршна на Општина Охрид, за прв пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.
  Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.
- На 24.03.2023 година беше промовирана книгата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика“ од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид.
  Книгата е издадена во тираж од 300 примероци и во неа на 370 страници се поместени осврти, текстови и други објави од книжевната критика за поезијата,

книгите и творештвото на овој истакнат охридски и македонски поети, кои се напишани од страна на врвни писателски имиња од Македонија и странство.

- Маскирани, во супер херои во маски од своите омлени ликови, принцези, самовили, пирати и во сите најпознати цртани ликови, најмладите охриѓранчиња денеска беа главни ѕвезди на Првоаприлскиот хепенинг под маски кој по повод **Меѓународниот ден на шегата** се одржа на градскиот плаоштад „Св. Климент Охридски “.
- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**

Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 13.04.2023 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.

На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.

Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД „Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.

Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.

- Во организација на Здружението Мултикултурна интернационална организација за фолклорни фестивали – МИОФФ, а со поддршка на општина Охрид се одржа традиционалниот **фолклорен фестивал „ Велигденски фестивалски денови“.** На фестивалот зедоа учество над 200-те у чесници од Македонија, Србија, Грција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција и др земји.
- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**
- Со пригодна свеченост, полагање цвеќе и културно – уметничка програма во с. Ливоишта беше одбележана **годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски-** првата жртва на вооржените сили во независна Македонија, чесно, пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одрбрана на медалот за храброста од претседателите Борис Трајкоски и Ѓорѓе Иванов.
- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**
  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен- куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.
- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 24-то издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**
- Со пригодна културно – уметнчка програма, полагање свежо цвеќе и доделување награди на учениците кои освоиле први места на регионални,

државни и меѓународни натпревари се одбележа 24-ти мај – **Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј.**

- Во црквата Св. Софија во чест на сесловенските просветитеУметниците во чест на светите браќа Кирил и Методиј беше одржан настанот Уметниците во чест на светите браќа. Во рамките на овој проект настапија учениције од ОМУ Методи Патче во класата на проф.Даниел Чурскоски и младата охридска пијаниста Викторија Митеска. Исто така во рамки на свеченоста за животот и делото на сесловенските просветители беседешепроф. Д-р Димитар Пандев, а беше отворена изложбата на фотографии „Охрид во духот на средниот век“ од Славчо Малезанов**.**
- Под покровителство на општина Охрид, во катедралната црква Св. Софија се одржа традиционалниот меѓународен фестивал „**Охридски бисери“.** Фестивалот траеше 10 дена со натпревари од сите видови инструменти.
- Општина Охрид беше вклучена во **реализација на проектот „Мала ноќна музика“** чиј носител беше збратимениот град Крагујевац од Србија.

| Дополнителен кадар ангажиран во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 8.006.734,00 Блок дотација Буџет на општина Охрид | 671.917,00 ден. блок дотација и 1.798.230,00 ден. општински средства (1 квартал) 13.263,00 ден. блок дотација и 1.885.244,00 ден. општински средства (2 квартал) |
| Тековно одржување на објектите и опремата | Активноста се спроведува континуирано | 1.205.000,00 сопствен буџет градинка | 332.328,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 51.745,00 ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Средства за хигиена | Активноста се спроведува континуирано | 1.200.000,00 Сопствен буџет градинка | 144.642,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 173.826,00 ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано | 75.000,00 Сопствен буџет градинка | 9.440,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 14.160,00 ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 210.000,00 Сопствен буџет градинка | 0 |
| Материјали и ситен инвентар | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 605.000,00 Сопствен буџет на градинката | 192.536,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 126.681,00 ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Канцелариски материјали,списанија,весници | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 355.000,00 Сопствен буџет на градинката | 50.230,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 85.721,00 ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Униформи и обувки | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 600.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0 |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 350.000,00 Сопствен буџет на градинката | 43.762,00 ден. сопствени средства (1 квартал) |
| Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 88.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0 43.885,00 сопствени средства(2 квартал) |
| Закупнина за просториите од училиштата кои ги користи детската градинка | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 378.000,00 Сопствен буџет на градинката | 72.000,00 ден. сопствени средства (1 квартал) |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано | 288.000,00 Блок дотација | 96.022,00ден. сопствени средства (1 квартал) 60.000,00ден. сопствени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | согласно потребите | | средства (2 квартал) |
| Семинари,огласи и др.оперативни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 292.000,00 Сопствен буџет на градинката | 63.648,00ден. сопствени средства (1 квартал) 54.104,00ден. сопствени средства (2 квартал) |
| Патни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 15.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0 |
| **Вкупно:** | | **87.900.300,00** | **18.733.540,00 (1 квартал) 19.963.709,00 (2 квартал)** |

**44,02% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-12881/82** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 (ВА) за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/185** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 (ВА) за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/83** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА) 01.01.2023 - 30.06.2023**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023 – 2025 година (ВА Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во објектите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид („Централна“, „Развигорче“, „Лихнида“, „Росица“ и „Билјана“) и групите формирани во други просторни услови во ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти и ООУ „Кочо Рацин“, на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники во воспитување и згрижување на децата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар воспитно-образовен процес претставува предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа Програма треба да овозможи современи услови за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, пријатни услови за децата и воспитувачите кои поголемиот дел од денот го поминуваат во градинката. Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од МТСП преку блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на градинката и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани во изминатото тримесечие а согласно програмата предвидени за реализација во 2023 година

**Реализирани активности (01.01 - 30.06.2023)**

| Предвидена активност согласно програма | Степен на реализација со опис | Предвиден буџет согласно Програма | Потрошени средства |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на тоалети и трпезарии и набавка на маси и столчиња за трпезарии и набавка на шкафчиња за објекти Росица и Лихнида | Изработен е проект со комплетна документација и аплицирано е до Центарот за развој на југозападен плански регион. Апликацијата е одобрена | 7.100.000,00 Домашен донатор | 0 |
| Набавка на аспиратор за кујната објект: Централна | Аспираторот е набавен и е во фаза на монтажа | 400.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Промена на електричната инсталација | Работите се во тек | 1.000.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на кујна објект – Централна | Градежните работи се во тек | 1.500.000,00 Сопствени средства | 0 |
| Набавка на кујнска опрема,машини за перење и клима уреди ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ | Се очекува да отпочне постапка за јавна набавка | 1.018.500,00 Сопствени средства | 0 |
| Набавка на училишен и друг мебел ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ | Се очекува да отпочне постапка за јавна набавка | 2.000.000,00 Сопствени средства | 0 |
| **Вкупно:** | | **5.918.500,00** | 0 |

**Број 08-12881/84** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/186** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/85**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (Т1)**
**01.01.2023 - 30.06.2023**

Здравствената и социјалната заштита играат клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид. Основните цели на Програмата за здравствена и социјална заштита за 2023 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на здр.и социјалната заштита и
- Изнаоѓање форми за утврување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на здр.и социјална заштита во 2023 година се насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2023 година.

**Реализирани активности (01.01 - 30.06.2023)**

| **Предвидена активност согласно** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **програма** | | | |
| Општинско корисна работа - ,,Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта | Со почетокот на новата учебна година општина Охрид поднесе апликација и повторно доби проект за реализација на оваа активност заедно со УНДП. За таа цел во рамки на средните училишта во општина Охрид се ангажирани 10 образовни асистенти кои работат со ученици со потешкотии во развојот. Проектот се одвиваше според зацртаната динамика и без проблеми и е комплетно реализиран. За новата учебна година е поднесена нова апликација до УНДП | 696.000,00 Буџет на општина Охрид и средства на УНДП | 567.600,00 (1 квартал) 128.400,00 (2 квартал) |
| Субвенционирање на трошоци за комунални услуги | Објавен е јавниот повик и извршена е евалуација на пристигнатите барања. Градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, завршена е комплетната процедура | 2.100.000,00 Буџет на општина Охрид | 146.235,00 (исплатени се ф-ри од минатата година) 334.046,00 (2 квартал) |
| ЗГ „Зраци„ - Охрид „Поддршка на дневен центар на лица со интелектуална попреченост„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 700.000,00 Буџет на општина Охрид | 200.000,00 (1 квартал) 200.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ „Добротољубие 2014„ Дневен центар за згрижување на лица со попречености во рамки на црквата „Св. Ѓоргија„ Охрид | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 120.000,00 Буџет на општина Охрид | 60.000,00 (1 квартал) 60.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ Ретко е да си редок | Се спроведуваше врз основа на јавниот | 150.000,00 Буџет на општина | 150.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Реткоста инспирира„ „Подигање на јавната свест за постоење на ретките болести и предизвиците со кои се соочуваат пациентите со ретки заболувања„ | повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | Охрид | |
| Владо Горичан дипл. Физио и ерготерапевт Набавка на специјални тренинг комбинизони (Eurosuit) | Проектот е реализиран. | 172.200,00 Буџет на општина Охрид | 172.200,00 |
| Здружение на слепи лица Охрид „ Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата„ | Проектот е завршен. | 50.000,00 Буџет на општина Охрид | 0<br>50.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ на „Глуви и наглуви лица„ „Социјализација на Глувите лица Охрид во локалната самоуправа за 2023 година„ Обука за знаковен јазик и останати активности на здружението | Реализацијата на проектот не е отпочната. | 40.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| ОО Црвен крст Охрид „И менталното здравје е важно!„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00 Буџет на општина Охрид | 50.000,00 |
| Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите „СОС Балкан медиа„ Охрид „И ние можеме„ | Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | 240.000,00 Буџет на општина Охрид | 240.000,00 |
| ЗГ „В.О.П.С. Поддршка„ Охрид „Активности за ставање во функција на инклузивната игротека„ во рамки на | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка | 160.000,00 Буџет на општина Охрид | 80.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| просторот кој е доделен во Старата касарна во општина Охрид | на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | | |
| ЗГ „Инклузија„ (заедно со ТВМ Охрид) „Информација за секого без предрасуди„ Вести за глуви и наглуви лица | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00 Буџет на општина Охрид | 50.000,00 |
| Финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој. Мерката е наменета за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | За реализација на оваа активност беше објавен јавен повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која работи на територијата на општина Охрид и координира Центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој и аутистичен спектар. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на семејства од социјален ризик и теба да овозможуваат намалување на трошоците на овие семејства кон Центарот. Согласно јавниот повик беше избрано Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој | 432.000,00 Буџет на општина Охрид | 432.000,00 |
| Образовен додаток за студенти | Активноста ќе се спроведува во текот на месец октомври | 400.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Беше објавен конкурс за доделување на стипендии. Стручна комисија го разгледа пристигнатите пријави и му предложи а Градоначалникот да склучи договори со избраните лица. Активноста е комплетно реализирана | 828.000,00 Буџет на општина Охрид | 460.000,00 ( 1 квартал) 368.000,00 (2 квартал) |
| Еднократна | За првпат оваа година | 110.000,00 | 90.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| финансиска поддршка за „згрижувачки семејства„ (финансиската поддршка се дава по згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари) | доделена е финансиска поддршка на згрижувачки семејства од општина Охрид во знак на поддршка на овој процес. | Буџет на општина Охрид | |
| Набавка на социјални пакети | Активноста се одвива контиунуирано согласно потребите | 50.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид | За првпат оваа година доделена е еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст. На 6 семејства од општина Охрид им се доделени по 15.000 денари | 90.000,00 Буџет на општина Охрид | 90.000,00 |
| ЗГ „Тајните на моето срце„ Охрид „Социјализација и инклузија на деца со ПОП | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 150.000,00 Буџет на општина Охрид | 75.000,00 |
| **Вкупно:** | | **6.688.200,00** | **2.862.235,00 (1 квартал) 1.141.046,00 (2 квартал)** |

**60% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-12881/86**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за, усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/187**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасување за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/87** `
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година бр.08-17370/22 од 22.12.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи од областа на заштита и спасување (следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на заштита и спасување, управувањето со кризи и одбраната, спроведување на мерки заради заштита и спасување на луѓе и добра од природни непогоди, координирање на активности во спроведување на мерките за заштита и спасување, ажурирање на проценката на загрозеност, ризици и опасности и ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи, подготовка на просторните сили за заштита и спасување и др.активности),

континуирана соработка со надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, подрачните одделенија на сите ресорни министерства, Црвен крст и сите јавни претпријатија на подрачјето на општина Охрид, Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи во периодот од 01.04.2023–30.06.2023 година, ги реализира следните позначајни активности:

-Реализирана е основна обука (теоретски и практичен дел) на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид:

На 22.05.2023 година се оддржа теоретски дел во голема сала во општина Охрид од 10.30-15.30 часот, кој ги опфаќаше следните теми: систем на заштита и спасување на РМ, организација и планирање на Штабот за заштита и спасување, евакуација, извлекување од урнатини, прва помош, практични примери. Штабот за заштита и спасување на општина Охрид реализираше сценарио-пробна вежба за справување со пожар во село во Охрид и ја објасни целата постапка на организација и делување на Штабот за заштита и спасување до ангажирање на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 23.05.2023 година од 10.00 часот во кругот на Касарна Охрид се оддржа практичен дел со показна вежба за гасење на пожар на отворен простор (шумски пожар) и ракување со ПП апарати и воведен дел за пожари.Како дел од Просторните сили за заштита и спасување на горенаведената обука присуствуваа членови на: Штабот за заштита и спасување, Универзалната единица во јачина на вод, Специјализираната единица за противпожарна заштита, Специјализираната единица за прва медицинска помош, Специјализираната единица за планинско спасување и спасување на вода.

-Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во периодот 01.04.2023–30.06.2023 година Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид ги реализираше следните позначајни активности:

-На 28.04.2023 година во 08.50 часот постапено по повик за повредена жена-велосипедист помеѓу селата Коњско и Шипокно на земјениот пат. По мобилизација на ПСС се достави информација дека возило на Првата помош е веќе упетено на терен и од ПСС беше побарано само прецизно наведување на возачот за пристигнување на местото, во согласност со координатите кои ги утврди нашиот оперативен центар.

-На 20.05.2023 година, по добиен повик во 13.30 часот за несреќа на странски државјанин со АТВ кај месноста Суво Поле на планината Галичица, беше интервенирано со едно возило и тројца членови на ПСС. Повредениот со скршена клучна коска беше имобилизиран и транспортиран во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо” – Охрид.

- На 19.06.2023 година, по добиен повик во 21.00 часот за исчезната жена во реонот над село Горно Средорече, Општина Дебрца, беше интервенирано со две возила, седум членови на ПСС и екипа од здружението „Куче спасител”. Беше спроведена повеќечасовна потрага која беше прекината околу 1.00 по полноќ. Во договор со роднините и месното населени беше договорено истата да продолжи рано утрото. Околу 7.00 часот ПСС доби информација од нејзните роднини дека жената е пронајдена жива.

- На 20.06.2023 година, по добиен повик во 12.00 часот за повреден тркач кај местото викано Поник над селото Велестово беше интервенирано со едно возило и

тројца членови на ПСС. На лицето со повреди на десното колено му беше укажана прва помош. Заради лесните повреди беше транспортиран до својот дом.

- Покрај оперативните теренски активности, во наведениот период беа спроведени редовни тренинзи и курсеви за освежување на знаењата на припадниците на ПСС во пресрет на летната туристичка сезона.

- Во текот на месец мај е продолжена соработката со Армискиот ВИНГ која беше воспоставена во 2021 година. Започнати беа подготвителни активности за организација на заедничка вежба и Отворен ден за презентирање на заедничките капацитети во месец јули.

- Од 1-ви јуни, со договор за повремено ангажирање на пола работно време се ангажирани и три припадници на ПСС, со цел обезбедување на поголема мобилност и координираност на службата во иднина, особено во пресрет на летната туристичка сезона.

- Во вториот квартал од 2023 година беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување на Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година, од Програмата Qo, потрошени се вкупно 486.000,оо денари за ангажирање на Планинската спасителна служба, од кои:

- **21.513,оо денари за одржување на зграда на ПСС;**
- **15.927,оо денари за електрична енергија за потребите на ПСС;**
- **15.434,оо денари за телекомуникациски услуги извршени од страна на ПСС;**
- **27.050,оо денари за одржување, сервис и регистрација на возила на ПСС;**
- **39.504,оо денари за гориво за потребите на ПСС;**
- **2.094,оо денари за банкарски провизии на ПСС;**
- **81.000,оо денари за хонорари и надоместоци за ангажман на стручна служба во оперативен центар;**
- **283.478,оо денари префрлени во следните квартали, планирани за набавка на опрема и потрошен материјал за потребите на ПСС, како и за покривање на очекуваните зголемени трошоци во текот на летната туристичка сезона.**

*Процентот на реализација на* Програмата за заштита и спасување на општина Охрид, Програма Qo, *за период од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година е 24.035 % (проценти).*

**Број 08-12881/88** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/188** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/89** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ОД 01.04. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година бр.08-16213/77 од 28.11.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, се извршуваат тековни работни задачи од обласата на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од

професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаат со цел да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи на општина Охрид, во периодот од 01.04.2023–30.06.2023 година согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, ги реализира следните активности:

- На 19.05.2023 година се спроведе обука за давање прва помош и употреба на дефибрилатор, спроведена од Црвен Крст-Охрид за 15 вработени во општина Охрид, при што вработените се стекнаа со знаења за прва помош на работно место (отстранување на опасности, проценка на итноста и тежината на повредите, состојби кои бараат неодложна помош, безсознание, шок, крварење, рани, повреди на коски, изгореници, хемиски и електрични повреди, нега и транспорт на повредени, преврски, вештачко дишење, имобилизација, ракување со дефибрилатор итн.).
- Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година во горенаведениот период, започната е тендерска постапка за Набавка на ПП апарати за службени возила, одржување на опрема за противпожарна заштита и обука за противпожарна заштита;

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини на Одделението за административно-техничка поддршка, за периодот 01.04.2023–30.06.2023 година, од Програма Е0, за спроведената обука за давање прва помош и употреба на дефибрилатор, потрошени се 21.000,00 ден. (Фактура бр. 49 од 29.05.2023 со архивски број 05-1/1031 од 30.05.2023 година).

Процентот на реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, Програма ЕО, за период од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година е 4.64 % (проценти).

**Број 08-12881/90** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/189** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/91** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 31.03.2023 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 22.12.2022 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2023 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)
**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)

**ЧЕТВРТТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ДВАЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 30.01.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 37 точки на дневен ред. Беа додадени 3 точки на дневен ред.

Советот усвои 38 Одлуки и 1 Програма.

Комисија за урбанизам – беа предложени 21 точки, беа усвоени 20.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 14 точки, беа усвоени 10.

Комисија за општествени дејности – немаше кворум не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 7 точки, сите беа усвоени.

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТАТА СЕДНИЦА (вонредна)** се одржа на ден 07.02.32023. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка. Истата беше усвоена.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТАТТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 21.02.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 25 точки. Советот усвои 24 Одлуки, и 1 Програма.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беше предложена 1 точка. Истата еше усвоена.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 12 точки и сите усвоени

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 6 точки. Од нив беа усвоени 4 Одлуки.

Комисија за општествени дејности – беа предложении усвоени 7 точки.

Комисија за верификација, избори и именувања – беше предложена и усвоена 1 точка.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА -** се одржа на ден 14.03.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 91 точка, беа додадени 3. Советот усвои 93 Одлуки.

Комисија за верификација, избори и именувања – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени и усвоени 2 точки.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 56 точки а беа усвоени 39 точки.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)

Во второто тромесечие се одржаа три седници на Совет – 26-та, 27-та и 28-та седница.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА СЕДНИЦА** се одржа на 11.04.2023 година.

За работа на оваа седница беа предложени 32 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 6 точки. Во текот на седницата, една точка беше повлечена од дневен ред. Советот усвои 37 Одлуки.

**Комисија за верификација** – Беше предложена и усвоена 1 Предлог одлука.

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Предложени беа 6 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а 2 предлог одлуки не се разгледуваа, бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА се одржа на 26.05.2023 година.**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки.**

**Советот усвои 63 Одлуки, 2 Заклучоци и 1 Програма.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 15 точки, а една не се разгледуваше,бидејќи немаше претставник.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА се одржа на 08.06.2023 година**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки**

Дневниот ред беше дополнет со 1 точка.

**Советот усвои 14 Програми и 3 Одлуки.**

Комисија за заштита на животната средина – седница на комисијата не се одржа

Комисија за млади и спорт – беше предложена 1 точка и истата се усвои.

**Комисија за туризам и ЛЕР** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 6 точки, 8 точки не беа усвоени, а 2 не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.**

**Комисија за урбанизам - Беше предложена 1 Предлог Програма и истата беше усвоена.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 5 точки и сите беа усвоени.**

## И З В Е Ш Т А Ј

### За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид, програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.06.2023 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2023 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 32.874.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 15.036.292,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, со вториот квартал од 2023 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 3.169.809,оо денари. За наведениот квартал

во делот за членарини во странски организации исплатени се вкупно 55.803,оо денари кон Организација за светско културно наследство членарина за 2023 година и 714.280,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс. Од програмата совет како директна финансиска помош согласно барањето на јавното претпијатие и Одлука на советот бр.08-2014/7 од 21.02.2023 год. и Одлука бр.08-3254/4 од 14,03,2023 год. за субвенционирање на трошоци за потрошена електрична енергија на ЈП „Водовод“ Охрид од контото субвенции за јавни комунални претпријатија трансферирани е износ на 7.500.000,оо ден. и 1.000.000,оо денари субвеницции за ЈП „Градски Пазар“

По основ трансфери до здруженија на граѓани и фондации во наведениот период исплатени се 200.000,оо ден. а за истиот период исплатени се и 200.000,оо денари кон хуманитарни организации.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2022-2023 година од одобрените средства со Буџетот во програмата Совет за 2023 за стипендии исплатени се вкупно 837.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 1.334.000,оо денари од кои позначајните исплати дадени се подолу во текстот и се однесуваат: износ 718.000,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош новородено дете и износ од 616.000,оо денари исплатено по решение за членовите на комисијата за донесување на урбанистички планови. Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година има извршено 45,74 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2023 година.

**Број 08-12881/92** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/93** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2023 ДО 30.06.2023 година**
**ПРОГРАМА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2023 ГОДИНА**
**Програма други комунални услуги**

Во периодот на кој се однесува овој извештај согласно програмските активности утврдени од страна на Советот, стружните служби на Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици ги извршија следните работи :

- Пристапено е кон чистење и уредување на одредени речни корита и канали на подрачјето на општина Охрид;
- Преземени се активости за обезбедување на договор со расположлива механизација за чистење на диви депонии и други загрозувачки локалитети. Во повеќе наврати, на повеќе локации извршено е комплетно чистење на дивите депонии.
- Склучен е договор за хидродинамичко испитување, пробивање на цевоводи, како нов квалитет за утврдување на проблематични места во канализацоните системи. Согласно постојниот буџет и склучениот договор, после извршеното хидродинамичко испитување извршено е пробивање и чистење на канализациониот систем на сите локации каде што испитувањата покажаа незадоволителни резултати.
- Во тек е реализација на проектот за уредување на речно корито на река Сушица, при што работните активности се во завршна фаза.

табеларен приказ на реализација на буџетски средства од Програмата за други комунални услуги согласно усвоениот буџет за 2023 година:

## Други комунални услуги

| Ред. Бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Рушење на објекти | 2.300.000, оо | | | |
| 2. | Набавка на нова градежна механизација | 6.000.000, оо | | | |
| 3. | Изградба и уредување на речни корита ( Сушица и Коселска Река) | 3.800.000, оо | 1.140.000,оо | 1.484.659,оо | 2.624.659,оо |
| 4. | Машинско и рачно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид | 1.400.000, оо | 673.000,оо | 493.000,оо | 1.166.000,оо |
| 5. | Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони | 600.000, оо | 296.200,оо | 179.000,оо | 475.200,оо |
| 6. | Изнајмување на мобилни тоалети | 300.000,оо | | 128.000,оо | 128.000,оо |
| 7. | Новогодишно украсување | 1.200.000, оо | 1.200.000,оо | | 1.200.000,оо |
| 8. | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 800.000, оо | | 528.000,оо | 528.000,оо |
| 9. | Хидродинамичко пробивање на цевоводни системи, шахти, таложници со специјални возила и опрема | 700.000,оо | | 698.000,оо | 698.000,оо |
| ВКУПНО | | **17.100.000, оо** | 3.309.200,оо | 3.510.659,оо | 6.819.859,оо |

| Динамика за извршување на плански активности од подпрограма **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2022 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
Покрај горенаведените сктивности предвидени се и активности околу одржување (косење на трева со грбна косачка) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **Улица** | ***бр.пати*** | ***м*** | ***цена*** | ***вкупно*** |
|---|---|---|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | **4** | **1.200** | **2,5** | **12.000,00** |
| ул.„Марко Цепенков“ | **2** | **1.000** | **2,5** | **5.000,00** |
| ул.„Егејска“ | 2 | 530 | 2,5 | 2.650,00 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 | 1.700 | 2,5 | 25.500,00 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 | 450 | 2,5 | 3.375,00 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 | 1.000 | 2,5 | 7.500,00 |
| ул.„Галичица“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Н:Карев“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Кленоец“ | 3 | 1.300 | 2,5 | 9.750,00 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 | 400 | 2,5 | 2.000,00 |
| ул.„Железничка“ | 2 | 1.700 | 2,5 | 8.500,00 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 | 560 | 2,5 | 4,200,00 |
| нас.„Даљан“ | 5 | 1.450 | 2,5 | 18.125,00 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 | 450 | 2,5 | 2.250,00 |
| с.Пештани | 2 | 1.500 | 2,5 | 7.500,00 |
| нас.„Варош“ | 8 | 1.600 | 2,5 | 32.000,00 |
| Сооб.клучка | 5 | 6.400 м2 | 1,82 | 58.240,00 |
| Спомен парк на Револуција | 2 | 300 | 2,5 | 1.500,00 |
| дворно место на Општина Охрид | 12 | 1.350 м2 | 1,82 | 29.484,00 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 | 870 | 2,5 | 6.525.00 |
| с.Трпејца | 2 | 560 | 2,5 | 2.800,00 |
| с.Лакочереј | 2 | 650 | 2,5 | 3.250,00 |
| с.Лескоец | 2 | 1.100 | 2,5 | 5.500,00 |
| с.Косел | 2 | 1.000 | 2,5 | 5.000,00 |
| с.Велгошти | 2 | 1.900 | 2,5 | 9.500,00 |
| нас.„Рача“ | 2 | 690 | 2,5 | 3.450,00 |
| нас.„Лагадин“ | 2 | 810 | 2,5 | 4.050,00 |
| с.Свиништа | 1 | 1.500 | 2,5 | 3.750,00 |
| с.Опеница | 1 | 740 | 2,5 | 1.850,00 |
| с.Куратица | 1 | 4.300 | 2,5 | 10.750,00 |
| с.Љубаништа | 2 | 1.200 | 2,5 | 3.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **297.999,00** |

За одржување на локалитетот „Кале“ потребен е постојан тим од 3 ( тројца ) работници кои ќе вршат редовно косење на тревата по патеките, одржување на дрвниот фонд со навремено отстранување на сувите гранки и заболените стебла како и редовно чистење од разни отпадоци. За таа цел на годишно ниво потребни се 250.000,00 денари.

**1. Подигање нови и реконструкција на парковски површини**

| | |
|---|---|
| Подигање нови и реконструкција на парковски површини | **1.100.000,00** |
| | **1.100.000,00** |

**2. Активности за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“**

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за заштита на чинарот согласно препораките после санацијата | **50.000,00** |
| | **50.000,00** |

**3. Изградба на системи за наводнување**

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за изградба на системи за наводнување | **300.000,00** |
| | **300.000,00** |

| **Ред. број** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно за одржување и користење на паркови и зеленило | **8.222.456,оо** | 2.058.000,оо | 2.320.000,оо | 4.378.000,оо |
| 2 | За одржување на локалитет „Кале“ | **250.000,00** | 71.000,оо | 87.000,оо | 158.000,оо |
| 3 | Активности за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“ | **50.000,00** | 12.500,оо | 14.200,оо | 26.700,оо |
| 4 | Подигање и реконструкција на парковски површини | **1.100.000,00** | 256.000,оо | 373.500,оо | 629.500,оо |
| 5 | Изградба на системи за наводнување | **300.000,00** | 71.000,оо | 93.200,оо | 164.200,оо |
| 6 | Потрошена вода за наводнување на паркови и жардињери | **1.300.000, оо** | 306.000,оо | 437.000,оо | 743.000,оо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за 2023 година** | **11.222.456, оо** | **2.774.500,оо** | **3.324.900,оо** | **6.099.400,оо** |

**Број 08-12881/104** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/196** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/105** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2023 ДО 30.06.2023 година**
**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

**Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година**

Наведената програма претставува сериозен фактор за подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот. Врз основа на утврдените активности во периодот од 01.01-30.06.2023 година, од страна на стручните служни на општината, спроведени се следните активности:

- Контрола и состојба на расположливата сообраќајна опрема и сигнализација од аспект на функционалност, исправност и усогласеност;
- Лоцирање на зони кои претставуваат сериозен проблем за одвивање на сообраќајот;
- Изработка на сообраќајни проекти и технички решенија согласно настанатите потреби;
- Спроведен е оглас за одржување на автобуските постојки како дел од сообраќајната безбедност во градот .
- Извршена е замена и поставување на нова вертикална сигнализација;
- На повеќе локации поставена е сообраќајна опрема и тоа: забавувачи на сообраќај и сверни огледала;
- Започнато е со обновување на хоризонталната сигнализација .

Табеларен приказ на реализација на активностите преку потрошок на буџетски средства е даден во следната табела .

1. **ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| Ред.бр | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поправка, одржување и замена на постојана вертикална сообраќајна сигнализација | 300.000, оо | 182.000,оо | 43.500,оо | 225.500,оо |
| 2. | Набавка и поставување нова вертикална сообраќајна сигнализација | 400.000, оо | 188.200,оо | 74.000,оо | 262.200,оо |
| 3. | Набавка и одржавање на сверни огледала на улици низ Општина Охрид | 150.000,оо | 94.950,оо | 27.000,оо | 121.950,оо |
| 4. | Изградба и одржување на семафорски системи | 800.000,оо | | 456.000,оо | 456.000,оо |

2. **ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| Ред.бр | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машинско и рачно обележување на пешачки премини, стоп линии , стрелки за насочување на сообраќај, паркинг простори, испрекинати и полни линии | 2.300.000, оо | | 594.000,оо | 594.000,оо |
| 2. | Машинско обележување на автобуски, такси постојки, и паркинг за инвалиди | 300.000,оо | | 165.000,оо | 165.000,оо |
| 3. | Машинско обележување на пешачки премини, вибрациони ленти, пешачки премини и други ознаки со топла и ладна пластична маса | 700.000, оо | | 325.000,оо | 325.000,оо |
| 4. | Машинско обележување на велосипедски патеки | 1.800.000, оо | 570.000,оо | 436.000,оо | 1.006.000,оо |

3. **ЗАБАВУВАЧИ НА СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ДРУГА СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА, ПОДРШКА И ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД СООБРАЌАЈОТ**

| Ред.бр | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поставување и одржавање на забавувачи на сообраќај на улици низ Општина Охрид | 400.000, оо | 255.000,оо | 91.935,оо | 346.935,оо |
| 2. | Поставување и одржавање на ПВЦ сообраќајна опрема, светлосни катадиоптери на коловоз и друга сообраќајна опрема | 400.000, оо | 243.300,оо | 61.000,оо | 304.300,оо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за ЈФ** | **7.550.000,оо** | **1.533.450,оо** | **2.273.435,оо** | **3.806.885,оо** |

**Број 08-12881/106**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2023 година за период од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/197** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** — **Градоначалник**
**О х р и д** — **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2023 година за период од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/107** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2023 ДО 30.06.2023 година**
**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023 година**

Програмата за уредување на градежно земјиште претставува најзначаен програмски документ донесен од страна на Советот на општината Охрид, кој значително допринесува за решавање на комуналните проблеми на граѓаните во општината.

Во извештајниот период, односно од 01.01-30.06.2023 година отпочнати се со реализација сериозен број на зацртани проекти и активности.

Меѓу позначајните преземени активности согласно склучените договори, вредно е да се напоменат следните активности:

- Изведба на асфалтерски работи и реконструкција на улици и пристапни патишта ;
- Извршување на градежни работи за поплочување и одржување на тротоари;
- Изведување на работи за изградба, уредување и одржување на други јавни површини;
- Во тек е постапка за избор на најповолен понудувач за изградба на водоснабдителни системи ;
- Целосно е реконструирана улицата “Ѓорче Петров“;
- Целосно е реконструирана улицата “Марко Цепенков“;
- Извршена е реконструкција на улицата “Пирин Планина“;
- Извршена е санација на улиците “Мирче Ацев“, “Кленоец“ и “Петрино“;
- Започнат е проектот за реконструкција на тротоари на улицата “Димитар Влахов“, пешачки патеки во стариот дел од градот;
- Извршена е санација на заштитен појас на ул “Туристичка“, Плоштад Мини Маркет, пешачка патека Студенчица-Билјанини Извори и Студенчица –хотел Парк;
- Пешачка патека со заштитна ограда од Плаошник до Канео;
- Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини во (с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец; с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача );
- Изградба и реконструкција на водоводни линии и
- Изградба и реконструкција на канализациона мрежа и мрежа за атмосверска канализација.

Во овој период целосно се вклучени кон реализација на програмските активности и ЈП Водовод, ЈП Нискоградба и ЈП Градски Гробишта. Нивното учество кон реализација на обврски и активности од аспект на подобрување на водоснабдувањето, канализацијата и пешачките патеки, претставуваат значаен цел од реализираните проекти.

Сериозен проблем во извештајниот период претставува извршувањето на средства од буџетот на општина Охрид по основ правосилни судски решенија. Запленатa на средства од буџетот сериозно влијае врз постапките за избор на изведувачи со кои би се реализирале одредени програмски активости.

Имено, извршувањето врз буџетот допринесува за неможност за прикажување на обезбедени средства како основ за започнување на постапките за јавни набавки.

И покрај одредени проблеми, наведени во погорниот став општината настојува во целост да се придржува кон реализација на зацртаните активности.

Периодот е значаен и по тоа што општината врз основа на изготвени проекти има аплицирано во повеќе огласи распишани од страна на повисоките нивоа на власт со цел добивање на финансиски средства. Позначајни добиени средства, се средствата во висина од 965.000,оо евра за реализација на канализационен системи

Трпејца и средствата добиени за ревизија на проектот за водоснабдување Свинишки Извори-Охрид.

Врз основа на прикажаните податоци во табелите и активностите кои не се прикажливи во парични средства, овој период од буџертската година може да се смета како успшешен сегмент во фискалната година.

**А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 11.300.000,оо | 2.666.741,оо | 1.026.747,оо | 3.693.488,оо |

**А.1. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА НАД СУДСКИ УТВРДЕНИОТ ЛИМИТ СОГЛАСНО ОДОБРЕНОТО МЕСЕЧНО РАСПОЛАГАЊЕ СО БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Исплата на обврски за градежни активности за одржување, реконструкција и изградба на инфраструктурни објекти во претходна година | 16.200.000,оо | | 9.750.000,оо | 9.750.000,оо |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | | | | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за | 1.800.000, оо | 677.230,оо | 425.000,оо | 1.102.230,оо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | | | | |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 350.000, оо | 87.340,оо | 103.000,оо | 190.340,оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 800.000, оо | 187.000,оо | 328.000,оо | 515.000,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 250.000, оо | | | |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 250.000, оо | | | |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 300.000,оо | 22.300,оо | 97.928,оо | 120.228,оо |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 400.000,оо | 62.700,оо | 145.000,оо | 207.700,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 300.000,оо | | | |

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на улица „ Ѓорче Петров “ | 6.200.000.оо | 3.350.000,оо | 2.850.000,оо | 6.189.648.оо |
| 2. | Реконструкција на кружна крстосница кај Здружение на возачи и дел од ул. „ 7 – Ми Ноември “ до пресек со ул. „ Егејска “ | 36.000.000,оо | | | |
| 3. | Реконструкција на дел од ул. „ Мирче Ацев “ | 1.200.000,оо | | 237.000,оо | 237.000,оо |
| 4. | Реконструкција на ул. „ Ариф Мустафа “ | 1.200.000,оо | | | |
| 5. | Реконструкција на дел од ул. „ Сатеска “ | 1.500.000,оо | | | |
| 6. | Санација на дел од ул. „ Кленоец “ | 1.500.000,оо | | 143.000,оо | 143.000,оо |
| 7. | Санација на дел од ул. „ Петрино“ | 800.000,оо | | 128.000,оо | 128.000,оо |
| 8. | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев | 1.800.000,оо | | | |
| 9. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 1.000.000,оо | | | |
| 10. | Реконструкција краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 1.200.000,оо | | | |
| 11. | Реконструкција на дел од ул. „ Марко Цепенков “ | 10.000.000,оо | | 9.862.811,оо | 9.862.811,оо |
| 12. | Асфалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни патишта до објекти врз основа на издадени одобренија за градба и извршена легализација | 5.000.000,оо | 1.980.000,оо | 1.650.000,оо | 3.630.000,оо |

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Димитар Влахов“ со хортикултурно уредување | 2.000.000,оо | | 1.120.000.оо | 1.120.000.оо |
| 2. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Партизанска “ со хортикултурно уредување | 2.000.000,оо | | | |
| 3. | Преуредување на камени плочки на улици „ Коста Абраш“ и „ Цар Самоил “ | 1.000.000,оо | | 323.999,оо | 323.999,оо |
| 4. | Преуредување на пешачки патеки и улици во Стар Град | 1.500.000,оо | 892.000,оо | 320.000,оо | 1.212.000,оо |
| 5. | Преуредување на постојни тротоари со бехатон плочки на подрачје на град Охрид | 1.500.000,оо | 510.000,оо | 786.345,оо | 1.296.346,оо |

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на плоштад Крушевска Република 2023 год. | 5.000.000,оо | | | |
| 2. | Одржување и санација на плато кај Мини Маркет | 400.000,оо | | 400.000,оо | 398.500,оо |
| 3. | Одржување и санација на пешачка патека канал Студенчишта – х. Парк | 500.000, оо | | 230.000,оо | 230.000,оо |
| 4. | Одржување и санација на пешачка патека мост Студенчишта – Билјанини Извори | 400.000, оо | | 266.920,оо | 266.920,оо |
| 5. | Одржување и санација на ул. Св. Климент Охридски од чинар до стара стоковна куќа Билјана | 1.300.000, оо | | 227.256,оо | 227.256,оо |
| 6. | Изградба на пешачка патека со заштитна ограда од Плаошник до Канео | 500.000,оо | 442.500,оо | | 442.500,оо |
| 7. | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 1.800.000,оо | 760.000,оо | 330.000,оо | 1.090.000,оо |
| 8. | Одржување и санација на заштитен појас на Бул. Туристичка | 700.000,оо | | 320.000,оо | 320.000,оо |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 10.500.000,оо | 850.000,оо | 5.832.534,оо | 6.682.534,оо |

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 7.900.000,оо | 2.730.000,оо | 4.172.200,оо | 6.902.200,оо |
| 2. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул.„7 ми Ноември “ | 7.000.000,оо | | | |
| 3. | Изградба на атмосферска | 500.000,оо | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | канализациона мрежа на ул. „ Петрино “ | | | | |
| 4. | Нивелирање на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 600.000,оо | 197.000,оо | 320.000,оо | 517.000,оо |

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 1.000.000, оо | | 500.000,оо | 500.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 800.000,оо | | | |
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 1.000.000,оо | | | |
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 1.000.000,оо | | | |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | 500.000,оо | | | |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани | 700.000,оо | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 2.500.000,оо | 585.000,оо | 730.000,оо | 1.315.000,оо |

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини (с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец; с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача ) | 1.500.000,оо | 620.000,оо | 771.000,оо | 1.391.000,оо |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доизградба на водоводна линија во с. Лескоец | 500.000,оо | | 440.000,оо | 440.000,оо |
| 2. | Доизградба на водоводна линија и фасонски делови за резервоар во с. Горно Лакочереј | 500.000,оо | | | |
| 3. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 250.000,оо | | | |
| 4. | Санација на резервоари во с. Косел, Вапила и Ливоишта | 500.000,оо | | | |
| 5. | Набавка со монтажа на пумпа за вода во с. Шипокно | 500.000,оо | | | |
| 6. | Истражување на подземни води | 300.000,оо | | | |
| 7. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 500.000,оо | 246.000,оо | 183.000,оо | 429.000,оо |
| 8. | Изградба на дел од фекална канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј - учество | 5.000.000, оо | | | |
| 9. | Изградба на дел од фекална канализациона мрежа во с. Лескоец, Велгошти и Пештани | 2.000.000, оо | | 968.000,оо | 968.000,оо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Поправка и санација на постојни канализациони мрежи во рурални средини | 1.500.000, оо | 607.000,оо | 473.000,оо | 1.080.000,оо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно за А, Б, В (В.1;В.2;В.3;В.4;В5), Г ( Г1;Г2;Г3) од Буџетот на Општина Охрид за 2023 година | 165.000.000,оо | 18.471.531,оо | 44.450.169,оо | 62.921.700,оо |

**Број 08-12881/108** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/198** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/109** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2021 до 30.06.2023 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Локалната самоуправа како една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Македонија се дефинира како концепт на граѓаните со загарантирана независност организирана во осумдесетина општини, дел како локална самоуправа со седиште во село и поголем дел организирани како општини со седиште во град. Во ваква поставеност на работите функционирање на локалната самоуправа и издигнување на нејзиното работење на едно повисоко ниво е долгорочен процес и предизвик. Функционирањето на системот на локалната самоуправа може да се каже дека добива нова димензија со процесот на децентрализацијата како процес на распределба на одговорностите, планирањето и имплементирањето на промените од централно на локално ниво.

Овој е процес кој веќе подолго време се спроведува во нашето општество и процес кој сеуште треба да се надградува и усовршува, а се со цел да овозможи импакт врз квалитетот на задоволувањето на потребите на локалното население. Придобивките за локалното население кои произлегуваат од процесот на децентрализација се во вклучување и учество во процесите на одлучување, што од своја страна повлекува потреба за многу поголема транспарентност и посеопфатност во функционирањето на локалната власт. Локалната самоуправа како облик на управување со локалната заедница претставува најзначаен дел и сегмент во процесот на децентрализација, каде граѓаните преку претставничко тело - советот на општината имаат можност за влијание врз општествените текови и движења. Ваквата поставеност повлекува и поголема ангажираност и заинтересираност на пошироката јавност, граѓаните се во позиција да учествуваат во овие процеси со што се зголемува

стручниот и работниот потенцијал во извршувањето на овластувањата кои ги има локалната власт. Ефективна локална самоуправа е онаа самоуправа којашто во најголема можна мера ги задоволува потребите на граѓаните на локално ниво и ефективно ги решава нивните барања и потреби.

Во Македонија во периодот до започнување на процесот на децентрализација, поделбата на надлежностите меѓу централната и локалната власт беше неоптимална и беше очигледна големата централизираност во сите сфери каде локалната самоуправа беше во голема мера исклучена од активности и било какви надлежности во најзначајните области на локално ниво како образованието, здравствената заштита, културата итн. Ваквиот начин на поставеност не ретко предизвикуваше донесување на несоодветни одлуки, како резултат или на одреден степен на субјективизам во донесувањето на тие одлуки, или недоволно познавање на конкретната активност а истовремено локалната заедница во целост беше исклучена од ваквиот процес. Правилно и целосно спроведување на процесот на децентрализација следствено на тоа и суштествената фискална децентрализација е од круцијално значење за локалниот економски развој како и за напорите во приближувањето кон принципите на ЕУ. Успешното спроведување на овој процес е од интерес како на локалната така и на централната власт. Во насока на правилно извршување на пренесените надлежности и надлежностите дефинирани со Законот за локалната самоуправа, правилно и успешно спроведен процес на буџетирање е од суштинско значење. Успешноста односно умешноста за правилно и реално планирање на приходната и расходната страна на буџетот а следствено на тоа и активностите и програмите во буџетот значи и успешност во остварувањето на истите, што пак од своја страна зборува за успешноста во менаџирање со локалната заедница односно власт. Согласно законската процедура, квалитетно изготвен буџет како континуиран процес, претставува основа за натамошен правилен раст и развој на локалната самоуправа. Процесот на буџетирање започнува со изработка на годишен план и програми, донесување на буџет и како таков трае се до крајот на буџетската година кога годишниот план и програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети. Од степенот и квалитетот на извршување односно неизвршување на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеењето во соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните. Правовременото и квалитетно спроведување на буџетскиот процес е гаранција за остварување на зацртаните активности на ЕЛС, успешно функционирање на службите и остварување на планираните цели.

Со измените и ингеренциите кои ги доби локалната самоуправа со процесот на децентрализација дополнително се потенцира потребата и важноста на овие процеси кои би се движеле во насока на квалитетен буџетски процес, квалитетно решение на инфраструктурните проблеми на граѓаните, подобрено менаџирање со локалната самоуправа и обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа.

Остварување на сето погоре кажано е единствено можно само со изготвување на транспарентен буџет кој ќе ги опфати барањата на граѓаните, буџет кој во себе ќе содржи развојна компонента и ќе осигури оптимален опфат на сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа согласно закон. Прибирањето на приходите е неопходен предуслов за реализација на сите наредни активности а кои се во надлежност на општината. Реалното согледување и утврдување на севкупните приходи е особено значајно за изготвување на буџет во кој ќе се изврши правилна проценка на приходите и расходите запазувајќи ја законитоста во спроведување на процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите а воедно имајќи ги во предвид и реалните можности и капацитети на општината. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес

започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање претставува основа во процесот на буџетирање во локалната самоуправа и опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Капиталното инвестирање опфатено во буџетот се планира во програми кои според планираните активности и период на реализација на истите може да бидат годишни програми и развојни програми кои се донесуваат за подолг временски период, односно неколку буџетски години. Процесот на буџетирање како перманентен циклус започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации, приходите по основ самофинансирачки активност, приходите по основ донации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината опфатени во годишниот буџет. Во проектирањето на трошоците во буџетот - расходниот дел, посебно се води сметка за реалните потреби на граѓаните од аспект на инфраструктурните проблеми имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост и сл;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од обласга на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на

блок дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 22.12.2022 година со Одлука бр. 08-17370/36 го утврди буџетот на Општината за 2023 година на износ од 1.303.636.815,оо денари.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот за 2023 година од 21.02.2023 год. се извршија одредени корекции на расходната и приходната страна на буџетотот, реалокација на одредени средства во основниот буџет како и намалување на висината на основниот буџет за 996.704,оо денари на барање на МФ со цел усогласување на пренесенот салдо од претходна година, планираниот износ со фактички пренесеното салдо како и дел во буџетотот на донации, каде се изврши зголемување на целокупниот буџет за износ од 3.740.000,оо денари. Со наведените корекции нивото на буџетот се заокружува на износ од 1.306.380.111,оо денари.

Со Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на општина Охрид за 2023 година бр.08-3254/3 од 14.03.2023 год. во делот на основниот буџет се изврши реалокација на средства од една буџетска позиција на друга, износ од 3.000.000,оо ден. со цел да се обезбедат средства во согласност со барањето на ЈП „Водовод Охрид“ за субвенционирање на дел од трошоците за електрична енергија на ова ЈП. Со оваа одлука, нивото на буџетот на Општина Охрид за 2023 година остана непроменето. Со Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид-пренамена за 2023 год.бр. 08-5339/16 од 11.04.2023 год. се изврши реалокација на средсва од една програма во друга и од едно конто на друго, при што нивото на буџетот останува исто. На истата седница донесена е Одлука за проширување на средства која се однесува на зголемување на буџетот на опшштина охрид за 2.549.586,оо ден. во делот на донациите во Средното образование и дел во прогрмата за Унапредување на здравствената заштита.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот во делот на основниот буџет се направи ревидирање како на приходната така и на расходната страна по основ добиени средства од Министерство за транспорт и врски износ 3.000.000 ден. за изработка на проекти за водоснабдување и зголемување на дотацијата по основ ДДВ за 41.212.068 ден.согласно измените на законот за ДДВ и воведување на компоненатата за успешност, со што нивото на буџетот се заокружи на 691.700.000 основен буџет, односно 1.353.061.143,оо ден. вкупен буџет.

**Приходи**

Системот на финансирање на локалната самоуправа во Република Македонија се заснова на Законот за финансирање на ЕЛС а тој во себе опфаќа повеќе групи на приходи. Приходите на ЕЛС се стриктно утврдени со класификацијата на приходите и наведениот закон. Согласно закон изворите на финансирање на општината се: *сопствени извори* на приходи, *дотации, донации* и *задолжувањето*. Како најзначајни приходи врз кои локалната самоуправа има директно влијание се издвојуваат *сопствените приходи,* итоа: локалните даноци, локални надоместоци и такси, приходи од сопственост.

Локални даноци. Во оваа група, еден од облиците односно еден даночен објект е данокот на имот и како таков е еден од најстарите даночни облици, каде основен предуслов за воспоставување на овој тип на данок е приватната сопственост. Данокот на наследство и подарок е нареден од групата даноци на имот, опфаќа оданочување во постапка на пренос на сопственост помеѓу оставител и неговите наследници. Данокот на подарок е сличен со данокот на наследство, стапките на оданочување се слични, во двата случаи се работи за пренос на имот без надомест, а разликите се во начинот на изведување на постапката. Во случај на појава на промет со имот и права помеѓу два субјекта каде се појавува одреден надомест, се јавува Данок на промет на недвижности

и права. Локалната самоуправа има право да врши прибирање и на други локални даноци- утврдени со закон.

Локалните такси претставуваат фискален инструмент со кој од физичките и правни лица се прибираат средства како надомест за одредена услуга која ја пружаат органите на локалната власт.

Локалните надоместоци претставуваат приход сличен на таксата и се плаќаат како цена за користење на некое добро кое е од општ интерес. Во споредба со таксите, каде се плаќа за одредена услуга, во случајот со надоместоците се плаќа за користење на некое општо добро.

Приходите од сопственост губат дел од своето значење со развојот на даноците и другите фискални инструменти, но и натаму претставуваат значајна ставка и извор на финансирање како во државни рамки така и на локално ниво. Во ЕЛС постојат повеќе видови на имот, кои може да се користат од локалните власти на различни начини и притоа да овозможат остварување на одреден приход. Горенаведените приходи од сопственост секој пооделно има свое значење и удел во приходите на локалната самоуправа, но овој вид на приходи за разлика од другите типови има и своја специфика, поради што со некои од овие приходи треба посебно да се внимава. Во овој контекст, посебно внимание треба да се посвети на приходите од продажба на имот. Овој вид на приход знае да донесе големи приходи, но при неговото практикување треба да се има предвид фактот дека колкав и да е тој приход, сепак се работи за еднократен приход а локалната самоуправа трајно го губи изворот на ваков вид приход, односно трајно го губи имотот кој ќе го отуѓи.

*Групата на приходи – дотации*, уште се познати и како фискални трансфери, истите се од огромно значење за локалната самоуправа, но се разликуваат од сопствените по начинот на обезбедување. Иако се значајна ставка во рамките на локалните буџети треба да се истакне дека овие приходи со моменталната поставеност на системот на финансирање, во голема мера ја намалуваат фискалната автономијата на локалните власти.

*Групата на приходи – задолжување* е исто така предвидена како опција за финансирање на локалната самоуправа и истата е во корелација со исполнување на некои законски предуслови. Кога станува збор за задолжувањето, треба да се нагласи дека тоа е исклучиво оправдано само во насока на капитални расходи. Прибирањето на средствата- приходите се неопходен услов за реализација на активностите утврдени во буџетот и во зависност од нивната правилна проценка зависи подготвувањето на квалитетен и издржан буџет, кој ќе биде рефлексија на моменталниот фискален капацитет на општината и нејзината одржливост. Согласно постојната класификација на приходите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа а во зависност од извор на настанување на приходите, најголем дел од планираниот буџет за 2023 година, во висина од 691.700.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 691.700.000,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------- 425.834.206,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 29.600.000,оо
- Капитални приходи ------------------------------------ 73.855.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 162.410.794,оо

Согласно постојната законска регулатива, активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита се финансираат со трансфери од државниот буџет а во облик на блок дотации, односно наменски дотации за активности од областа на противпожарната заштита. Предвидени средства

за утврдените активности од овој тип се 584.871.000,оо денари од вкупно утврдениот буџет. Согласно законската регулатива во вкупниот буџет на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 30.469.850,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни и домашни институции, во буџетската 2023 година се планирани на износ од 46.020.293,оо денари. За реализацијата на овие проекти дел од планираните приходи по овој основ веќе се остварени, односно веќе се пристигнати средства, дел од активностите се реализирани а дел останува да се реализираат и да се заокружи целосно и финансискиот дел на тие проекти за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Според единствената сметководствена евиденција, општина Охрид заклучно со вториот квартал во буџетската 2023 година остварила вкупен приход од 720.653.645,оо денари или процентуално изразено 53,26 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи, вкупно од сите сметки и групи на приходи, проектирани во буџетот на општината. Генерално гледано за наведениот период, остварувањето на вкупниот буџет по сите основи за овој период е за неколку проценти повисоко од идеалното остварување и согласно процентите на остварување на поделните групи на приходи има простор согласно закон за зголемување на нивото на буџетот за дополнителни средства. Анализирајќи пооделно групите на приходи планирани во буџетот, во делот на блок односно наменските дотации процентот на остварување е во рамките на очекувањата што е нормално со оглед на природата и изворот на оваа група на приходи, приходите по основ на донации се на очекувано ниво иако моменталниот процент на остварување на овие приходи е значително понизок од идеалното остварување, со напомена дека за очекување е до крајот на буџетската година остварувањето да биде во рамките на проектираните износи, додека во делот на основниот буџет имаме значително натфрлање во остварувањето од повеќе проценти што од своја страна како што претходно споменавме дава основ за дополнителни средства во буџетот и зголемување на буџетската рамка за дополнителни 10 % од првично планираниот буџет согласно закон .

Доколку се анализира остварениот приход во делот изворни приходи- основен буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 424.653.413,оо ден. покажува остварување од 61,39 % при што може да се констатира дека општина Охрид гледано во делот на основниот буџет за вториот квартал има значително поголема реализација на планираните приходи од идеалното остварување за анализираниот период. Буџетските приходи од делот на основниот буџет, на високо ниво се остваруваат во делот на даноците на имот, неданочните приходи и капиталните приходи, додека во делот трансфери и донации, остварувањето е на пониско ниво. Во оваа група на приходи како најзначајна ставка се приходите по основ дотации од ДДВ како и трансферите од буџетите на фондовите и буџетот на РМ поради што за очекување е дека процентот на остварување на овој тип на приходи ќе расте и ќе биде во рамките на планираните износи .

Во периодот кој следува за очекување е дека трендот на остварување на приходите ќе бележи раст или во најмала рака ќе остане на досегашното ниво, што од своја страна како што претходно споменавме неминовно ќе повлече ревидирање на приходната страна и пораст на нивото на буџетот во рамките на дозволените граници.

Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето поодделно по видови на приходи..

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2023** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **584.871.000** | **273.496.127** | **46,76** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.469.850** | **9.732.236** | **31,94** |
| **Даночни приходи** | **425.834.206** | **271.404.410** | **63,73** |
| **Неданочни приходи** | **29.600.000** | **25.593.726** | **86,46** |
| **Капитални приходи** | **73.855.000** | **67.658.030** | **91,60** |
| **Приходи од донации** | **46.020.293** | **12.771.869** | **27,75** |
| **Трансфери и донации** | **162.410.794** | **59.997.247** | **36,94** |
| ***Вкупно*** | ***1.353.061.143*** | ***720.653.645*** | ***53,26*** |

Податоците во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на поодделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2023 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување а имајќи ја во вид и природата на овие приходи за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници. Од податоците за извршувањето во прегледот согласно остварувањето со овој квартал може да кажеме дека остварувањето на овој тип на приходи значително отстапува од проектираните приходи и како и претходно и овој пат ја нагласуваме потребата за пореално планирање на овој тип на приходи за што сме укажале како стручна служба во повеќе наврати на буџетските корисници.

Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би требало да биде приоритет а она што треба да се има предвид е сензитивноста на периодот кој следи од повеќе аспекти, поради што е потребно да се превземат сите мерки за усогласување на отстапувањата во буџетските проекции за до крајот на оваа буџетска година.

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2022 година

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2022** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **519.019.410** | **228.427.848** | **44,01** |
| **Самофинансирачки приходи** | **41.074.246** | **7.559.994** | **18,41** |
| **Даночни приходи** | **499.127.099** | **189.597.454** | **37,99** |
| **Неданочни приходи** | **22.620.000** | **26.026.183** | **115,06** |
| **Капитални приходи** | **42.855.000** | **10.407.586** | **24,29** |
| **Приходи од донации** | **55.512.363** | **13.034.029** | **23,48** |
| **Трансфери и донации** | **87.697.901** | **37.139.951** | **42,35** |
| ***Вкупно*** | ***1.267.906.019*** | ***512.193.045*** | ***40,40*** |

***Графикон бр.3***




Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2022 год. 263.171.174,оо денари
- остварување во 2023 год. 424.653.413,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2023 год. е за 61,36 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година.

Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2022 год. 512.193.045,оо денари
- остварување во 2023 год. 720.653.645,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2023 год. е за 40,699 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2022 и 2023 година е прикажан во графикон бр.4.

***Графикон бр.4***



Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2023 година.

**Расходи**

При планирањето на активностите и програмите во буџетот битен момент е структурата на расходите. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Генерално гледано во однос на буџетирањето и она што е карактеристика за повеќето општини во Македонија е фактот дека повеќето од општините се соочуваат со недоволно сопствените приходи кои произлегуваат од слабиот фискален капацитет на општините и ситуација каде што прибраните приходи со годишните буџети генерално се доволни за покривање на тековните расходи но не и делот кој останува за капитални расходи. Овој процес посебно е карактеристичен за помалите и руралните општини поради што тие своите капитални проекти ги финансираат со големо учество на капиталните трансфери од централниот буџет и фондовите, меѓутоа тоа трансферирање ја задушува финансиската автономија на локалните власти. Структурата на расходите генерално во општините се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа генерален заклучок е дека капиталните расходи во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства. Тоа е поизразено кај поголемите општини, што е логично, имајќи го во предвид нивниот фискален капацитет. Со преземање на надлежностите во делот од социјалата и образованието со влегување на општините во втората фаза од процесот на фискална децентрализација, видно се менува и структурата на расходите во буџетите на општините.

Остварувањето, висината како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби.

Јавните расходи според економската класификација, може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Оваа класификација и поделба е основа за изготвување на буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот откако

ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.
Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.06.2023 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства-основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | *Програм* | *Планирано* | *Ост варено* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 32.874.000 | 15.036.292 | 45,74 |
| До | Градоначалник | 4.028.400 | 2.060.955 | 51,16 |
| Ео | Општинска администрација | 191.033.983 | 101.009.266 | 52,88 |
| ЕА | Општинска адм.-капитални расх. | 6.094.051 | 3.085.046 | 50,62 |
| Ф1 | Урбанистичк планирање | 600.000 | 144.451 | 24,08 |
| Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 4.000.000 | 2.991.877 | 74,80 |
| ФА | Уредув.градежно земј.(кап.расходи) | 164.000.000 | 138.657.782 | 84,55 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 1.250.000 | 592.900 | 47,43 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 9.930.500 | 4.313.114 | 43,43 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 600.000 | 387.040 | 64,51 |
| Ј0 | Одржување урбана опрема | 770.000 | 197.532 | 25,65 |
| Ј3 | Јавно осветлување | 55.200.000 | 36.035.125 | 65,28 |
| Ј4 | Јавна чистота | 14.239.410 | 14.239.410 | 100,00 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 5.900.000 | 1.499.886 | 25,42 |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 9.822.456 | 2.536.769 | 25,83 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 6.600.000 | 3.301.941 | 50,03 |
| ЈА | Изградба на јавно осветление | 5.500.000 | 3.106.671 | 56,48 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 7.550.000 | 3.208.853 | 42,50 |
| ЈЛ | Други ком. услуги (кап.расходи) | 10.500.000 | 700.000 | 6,67 |
| ЈМ | Парк.и зеленило (капитални расх.) | 1.400.000 | 130.853 | 9,35 |
| ЈН | Урбана опрема (капитални расх.) | 14.500.000 | 11.180.931 | 77,11 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 9.610.000 | 3.715.681 | 38,66 |
| Ло | Спорт и рекреација | 42.190.000 | 26.027.435 | 61,69 |
| Н1 | Основно образование | 25.137.000 | 17.466.860 | 69,49 |
| Н2 | Средно образование | 2.866.000 | 2.216.067 | 77,32 |
| НА | Основно образование (капит.р) | 5.850.000 | 2.522.580 | 43,12 |
| НБ | Средно образование (капит.р) | 5.000.000 | 0 | 0,00 |
| Љ0 | Заштита и спасување | 2.022.000 | 1.193.000 | 59,00 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 3.020.000 | 0 | 0,00 |
| Т1 | Унапредув.на здрав.заштита | 6.256.200 | 3.571.281 | 57,08 |
| В1 | Детски градинки | 7.200.000 | 3.683.474 | 51,16 |
| ВА | Детски градинки (капитални расходи) | 1.400.000 | 0 | 0,00 |
| Њо | Противпожарна заштита | 32.663.000 | 12.719.657 | 38,94 |
| ЊА | Противпожарна заштита (капит.р) | 1.593.000 | 626.907 | 39,35 |
| Џ1 | Родова еднаквост | 500.000 | 400.000 | 80,00 |
| | ***Вкупно*** | ***691.700.000*** | ***418.559.636*** | 60,51 |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по поодделни програми. При ваквите анализи неопходна е потребата од разграничување помеѓу помеѓу финансискиот дел и остварувањето на програмите односно активностите кои се во тек и тековните проекти кои по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој нареден период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата.

**Број 08-12881/110** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Измени на годишниот план за вработување на општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/199** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18, 275/19 и 14/20), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Измени на Годишниот План за вработување на општина Охрид за 2023година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/111** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/200** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18, 275/19 и 14/20), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и

правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот План за вработување на општина Охрид за 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/112** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДУВАЛО“-СУЛФАТАРАТА ВО СЕЛО КОСЕЛ ВО КАТЕГОРИЈА- ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за предлагање за прогласување на локалитетот „Дувало“- сулфатарата во село Косел во категорија- природна реткост, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/201** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ бр. 5/2002), член 18 од Статутот на Општина Охрид (Службен гласник на Општина Охрид бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), член 94, став 1 од Законот за заштита на піродата (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 14/06,84/07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДУВАЛО“-СУЛФАТАРАТА ВО СЕЛО КОСЕЛ ВО КАТЕГОРИЈА- ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

**Член 1**

СЕ ПРЕДЛАГА прогласување на локалитетот “ДУВАЛО“-Сулфатарата во село Косел во категорија на заштитено подрачје –Природна реткост.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот за валоризација на природната реткост „ДУВАЛО“-с. Косел.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се достави до надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање, заради отпочнување на постапката за прогласување природна реткост.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Охрид

**Број 08-12881/113** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕТСТАПНИШТВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/202** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 158 од Законот за правда на децата („Службен весник на РМ“ бр.148/13, 152/19 и 275/12), член 15 став 1 точка 7 и член 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕТСТАПНИШТВО

**Член 1**

Се формира општински совет за превенција на детско претстапништво со цел преземање на мерки за рано откривање на деца во ризик, организирање на едукативни настани, дебати, трибини, кампањи и проекти за превенција на детско престапништво.

**Член 2**

Области кои се во надлежност на општинскиот совет за превенција на детско претстапиништво се:

- Следење на состојбите и покренување на иницијативи поврзани со детското претстапништво;
- Развивање на програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското претстапништво;
- Третман на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и слично;

**Член 3**

За членови на општинскиот совет за превенција на детско претстапништво се избираат:

1. **Билјана Богданова Смилеска** – општина Охрид;
2. **Кети Росиќ -** Општина Охрид;
3. **Билјана Неделкоска** – Отсек за превенција, СВР Охрид;
4. **Илче Миштакоски** – Центар за социјална работа Охрид;
5. **Кристина Илиеска Атанасова**– Основно јавно обвинителство Охрид;
6. **Милчо Клишески** – Основен суд Охрид;
7. **Игор Јосифоски –** Локален младински совет Охрид;
8. **Христијан Спировски -** Адвокатска комора Охрид**;**
9. **Јулијана Настоска Петреска –** НВО „Опција„ Охрид;
10. **Вахид Мемед -** НВО „Инклузија„ Охрид;
11. **Михаил Пероски –** НВО „ВОПС Поддршка**„** Охрид;

**Член 4**

Мандатот на членовите на општинскиот совет за превенција од детско претстапиништво трае пет години со право на повторен избор.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-12881/114** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/203** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-17370/7 од 22.12.2022 год.

**ВО ТОЧКА**

**2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПЛАНСКО - ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ**

***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

***Се БРИШЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | Прив.иницијатива |

***Во ТОЧКИТЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **ПОСЛЕ ТОЧКА 1. СЕ ДОДАВААТ ТОЧКИТЕ** | | |
| 2 | Обединета постапка за измување и дополнување на ГУП за УЗ9 УБ 9.3 и ДУП УЗ 9 УБ 9.3 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 3 | Обединета постапка за измување и дополнување на ГУП за УЗ10 УБ 10.1 и ДУП УЗ 10 УБ 10.1 опфат 1 | Прив. иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| СЕ ДОДАВА ТОЧКА **3.1** ВО | | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | Прив. иницијатива |
| ПО ТОЧКАТА **3.1** СЛЕДИ ТОЧКА **3.2** | | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| ТОЧКАТА СЕ БРИШЕ | | |
| **30** | **Урбан блок 18.1** | |
| 30.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | Прив.иницијатива |

**ПОРАДИ ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТАЦИИ ОД ТОЧКА IV-6. СЕ БРИШАТ ТОЧКИТЕ**

| | | |
|---|---|---|
| **IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 3 | ЛУПД за ГП бр.1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 2751/4, КП 2751/5, КП 2751/6, КП 2752/1, КП 2752/2, КП 2752/4, КП 2753/1, КП 2753/3, КП 2754/1, КП 2754/2, КП 2756/5 и КП 2756/7 во КО Коњско, Охрид | Прив.иницијатива |
| 4 | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј вгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | Прив.иницијатива |

| |
|---|
| **ТОЧКА 5. СТАНУВА ТОЧКА 3.** |

**ТОЧКАТА IV-7. ПОРАДИ ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ СЕ БРИШЕ**

| **IV-7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање градежна парцела ГП_13.4.1 со класа на намена Г4 - стоваришта, складови и отпади (Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови) во ГУП Охрид, УЗ 13, дел од УБ 13.4, Охрид | Прив.иницијатива |

**Член 2**

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/115** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ДВЕ СОСЕДНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 7.5 И ГП 7.6 ВО ДУП УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ 10 И 11 УРБАНИ БЛОКОВИ 10.4 И 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОПШТИНА ОХРИД – ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 01/23 ОД ЈУНИ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА „СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката задонесување на урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 7.5 и ГП 7.6 во ДУП Урбани Заедници 10 и 11 урбани блокови 10.4 и 11.1 Влашка Маала и Градинар, општина Охрид – Охрид, со тех.бр. 01/23 од јуни 2023, изработен од друштво за проектирање и градба „Снегар Компани“ ДООЕЛ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/204** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ДВЕ СОСЕДНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 7.5 И ГП 7.6 ВО ДУП УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ 10 И 11 УРБАНИ БЛОКОВИ 10.4 И 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОПШТИНА ОХРИД – ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 01/23 ОД ЈУНИ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА „СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ ОХРИД

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 7.5 и ГП 7.6 во ДУП за урбани заедници 10 и 11 Урбани Блокови 10.4 и 11.1 Влашка Маала и Градинар, Општина Охрид – Охрид, со тех.бр. 01/23 од Јуни 2023, изработен од Друштво за проектирање и градба „СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ Охрид., од системот е-урбанизам како број на постапка 48931.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF
- Позитивно мислење бр. 19-4670/8 од 21.07.2023 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/116** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 5.4, ВО ДУП УЗ 10 И 11, УБ 10.4 И 11.1 – ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОХРИД СО НАМЕНА А2-ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 37/23 ОД ЈУЛИ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ДПУП “ПОЛОГПРОЕКТ“-ГОСТИВАР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката задонесување на урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 5.4, во ДУП УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1 – Влашка Маала и Градинар, Охрид со намена А2-домување во згради, општина Охрид, со тех.бр. 37/23 од јули 2023, изработен од ДПУП “Пологпроект“-Гостивар, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/205** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 5.4, ВО ДУП УЗ 10 И 11, УБ 10.4 И 11.1 – ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, ОХРИД СО НАМЕНА А2-ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 37/23 ОД ЈУЛИ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ДПУП “ПОЛОГПРОЕКТ“-ГОСТИВАР**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.4, во ДУП УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1 – Влашка Маала и Градинар, Охрид со намена А2-домување во згради, општина Охрид, со тех.бр. 37/23 од Јули 2023, изработен од ДПУП “ПОЛОГПРОЕКТ’-Гостивар, од системот е-урбанизам како број на постапка 52812.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF
- Позитивно мислење бр. 19-9897/5 од 16.08.2023 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/117**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ НА ГП 13.1.2 ФОРМИРАНА ВО ДУП ЗА УРБАН БЛОК 13.1 УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 12/2023 ОД АВГУСТ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ НЈУ ВИЖЕН ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката задонесување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели на ГП 13.1.2 формирана во ДУП за урбан блок 13.1 урбана заедница 13 во КО Охрид 2, општина Охрид, со тех.бр. 12/2023 од август 2023, изработен од трговско друштво за производство, трговија и услуги НЈУ Вижен ДОО увоз-извоз Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/206**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ НА ГП 13.1.2 ФОРМИРАНА ВО ДУП ЗА УРБАН БЛОК 13.1 УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 12/2023 ОД АВГУСТ 2023, ИЗРАБОТЕН ОД ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ НЈУ ВИЖЕН ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели на ГП 13.1.2 формирана во ДУП за Урбан Блок 13.1 Урбана заедница 13 во КО Охрид 2, општина Охрид, со тех.бр. 12/2023 од Август 2023, изработен од трговско друштво за производство, трговија и услуги НЈУ ВИЖЕН ДОО увоз-извоз Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 53754.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF
- Позитивно мислење бр. 19-11067/3 од 17.08.2023 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/118**
**29.08.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 3.64 НА КП 10700/1 ВО КО ОХРИД 2 ОД ДУП ЗА 6-ТА УЗ УБ 6.2 – ОПФАТ 1 – ОХРИД – ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-2508/9 ОД 30.09.2009 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 110/2023 ОД АВГУСТ 2023, ИЗРАБОТЕНА ОД ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА “ИН-ПУМА“ СКОПЈЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката задонесување на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП 3.64 на КП 10700/1 во КО Охрид 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 – опфат 1 – Охрид – измена и дополнување, донесен со Одлука број 07-2508/9 од 30.09.2009 година,

општина Охрид, со тех.бр. 110/2023 од август 2023, изработена од институт за урбанизам, сообраќај и екологија “Ин-Пума“ Скопје, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година.

**Број 09-12881/207** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 3.64 НА КП 10700/1 ВО КО ОХРИД 2 ОД ДУП ЗА 6-ТА УЗ УБ 6.2 – ОПФАТ 1 – ОХРИД – ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-2508/9 ОД 30.09.2009 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД, СО ТЕХ.БР. 110/2023 ОД АВГУСТ 2023, ИЗРАБОТЕНА ОД ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА “ИН-ПУМА“ СКОПЈЕ

**Член 1**

Се донесува техничка исправка на Детален Урбанистички план за ГП 3.64 на КП 10700/1 во КО Охрид 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 – опфат 1 – Охрид – измена и дополнување, донесен со Одлука број 07-2508/9 од 30.09.2009 година, општина Охрид, со тех.бр. 110/2023 од Август 2023, изработена од институт за урбанизам, сообраќај и екологија “ИН-ПУМА“ Скопје, од системот е-урбанизам како број на постапка 54675.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Техничка исправка – електронски формат, PDF верција
- Позитивно мислење бр. 19-11067/3 од 17.08.2023 година

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка на Детален урбанистички план за ГП 3.64 на КП бр.10700/1 во КО Охрид 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2-опфат 1 – Охрид-измена и дополнување, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12881/119** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**